ИЗВЕШТАЈ

# БАРОМЕТАР ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ




КСЗД

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Проектот е финансиран од Европската Унија

МЦМС
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# ИЗВЕШТАЈ

## Барометар за еднакви можности

Теренска работа: мај/јуни 2023

Публикација: 2023

**Издавачи:** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), Мисија во Скопје
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**Уредник:** Игор Јадровски, претседател на КСЗД

**Авторка:** Фани Кимова

**Лектура:** Јасмина Поркојевиќ – Миленковиќ

**Графички дизајн:** Контура

**Скопје, ноември 2023 г.**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.647.82:316.654(497.7)”2023”(047)

КИМОВА, Фани
Барометар за еднакви можности [Електронски извор] : извештај / [авторка Фани Кимова]. - Скопје : Комисија за спречување и заштита од дискриминација : Македонски центар за меѓународна соработка, 2023

Начин на пристапување (URL):
https://mcms.mk/images/docs/2023/izveshtaj_barometar_za_ednakvi_mozhnosti_2023.pdf.
- Текст во ПДФ формат, содржи 94 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 19.12.2023. - Содржи и: Прилог 1-3

ISBN 978-608-4848-52-3 ((МЦМС))
ISBN 978-608-5040-00-1 ((КСЗД))

а) Дискриминација -- Јавно мислење -- Македонија -- 2023 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 62634501

Материјалите во оваа публикација се само за референца. Иако ОБСЕ вложи максимално внимание во нејзината подготовка, не презема никаква одговорност за точноста и комплетноста на сите информации, упатства и совети изнесени или за какви било печатни грешки. Содржината на оваа публикација, ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците изнесени во неа не мора да ја одразуваат официјалната политика или позиција на ОБСЕ. Поради овие причини, не може да се покренат никакви барања против ОБСЕ во однос на потенцијалните последици од веродостојноста на информациите или заклучоците содржани во оваа публикација.

Ова истражување е подготвено со поддршка на Европската Унија за потребите на проектот „Комисијата за антидискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога“. Нејзината содржина е единствена одговорност на Фани Кимова и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија.

Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од ова истражување може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на ова истражување е заштитено, но истражувањето може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други истражување или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

# Содржина

Вовед .....5

Резиме .....7

1. Поставување на контекстот .....9
2. Перцепција на дискриминацијата.....18
3. Искуства со дискриминацијата ..... 39
4. Искуства и перцепција со повеќекратна дискриминација ..... 50
5. Ставови кон еднаквите можности при вработување ..... 55
6. Борба против дискриминацијата. ..... 63
7. Свесност за правата и барање заштита во случај на дискриминација ..... 64
8. Мерење на подготвеноста за прифаќање вклучување информации за различностите во училишниот материјал..... 72
9. Мерење на подготвеноста за прифаќање трета одредница во личните документи, освен тие за маж или за жена ..... 77
10. Заклучоци..... 79

ПРИЛОЗИ..... 84

Прилог 1. Методологија применета во истражувањата ..... 85

Прилог 2. Анкетен прашалник ..... 86

Прилог 3. Дистрибуција на релевантните социодемографски карактеристики на испитаниците..... 94

# Вовед

Дискриминацијата како глобален феномен има негативен ефект врз сите аспекти од животот на човекот. Таа води кон исклучување, маргинализација и дехуманизација. Од таа причина начелото на еднаквост и недискриминација претставуваат камен-темелник на основните права предвидени во меѓународното право и пресликани во националните правни системи. Националната правна рамка за заштита од дискриминација, предводена од *Законот за спречување и заштита од дискриминација* од 2020 година[1], ги уредува и заштитните механизми од оваа негативна појава. Релевантни институции кои имаат правно дефинирана надлежност во областа на заштита од дискриминација и остварување на правото на еднаквост се: Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител, Уставниот суд, судовите, правниот застапник за еднакви можности на жените и мажите и инспекторатите.

Искуството, не само во земјава туку и во Европската Унија, покажува дека повикувањето на еднакви права и усвојувањето закони за нивно промовирање и заштита не е доволно да се осигури дека сите во практиката уживаат еднакви можности. Таквите искуства во земјава поттикнаа иницијативи за посеопфатна борба против дискриминацијата. Во согласност со новиот пристап беа спроведени четири истражувања на јавното мислење во периодот од 2009 до 2023 година. Целта на овие истражувања, меѓу другото, е да се дадат емпириски податоци за перцепцијата и за искуствата на граѓаните и граѓанките на полето на дискриминацијата и поддршка на мерките за борбата против дискриминацијата, воопшто. Следењето на овие трендови во јавноста истовремено претставува корисна алатка која помага да се добие увид во нив, не само кај општата туку и кај стручната јавност која се занимава со овие предизвици.

Првото истражување од овој вид се реализираше во април 2009 година, пред донесувањето на *Законот за спречување и заштита од дискриминација* (во натамошниот текст: *Законот*) и затоа претставува основа за компарација на перцепцијата, ставовите, знаењето и свеста за дискриминацијата и нееднаквоста во домашната јавност во однос на сознанијата што ги донесоа следниве три истражувања спроведени во 2013, 2018 и во 2023 година. Резултатите од последните три истражувања ги одразуваат промените по донесувањето на *Законот* и неговото спроведување.

Треба да се напомене дека поради различниот методолошки пристап на истражувањата можностите за компаративна анализа беа ограничени. Во истражувањето од 2013 година како метод за собирање податоци бил употребен „интервју по телефон“, за разлика од теренските истражувања во 2009, 2018 и во 2023 година, во кои бил употребен методот „лице в лице“ во домот на испитаникот. Исто така, во истражувањето од 2013 година биле направени промени во редоследот и во текстот на прашалникот (за повеќе детали видете Прилог 1. - Методологија применета во истражувањата). Поради недостапноста на базата на податоци од анкетата спроведена во 2013 година, на некои места во извештајот се прикажани само споредби меѓу резултатите од анкетите од 2009, 2018 и од 2023 година.

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Барометар за еднакви можности“,

[1] „Службен весник на РСМ“ број 258/2020 од 30.10.2020 година

која беше спроведена по четврти пат во периодот мај/јуни 2023 година.

Компаративната анализа на резултатите од четирите истражувања овозможува увид во правецот и во интензитетот на промените во перцепцијата, ставовите, знаењето и во свесноста за дискриминацијата и нееднаквоста во земјава во периодот од 2009 до 2023 година. Во извештајот се анализираат одговорите на испитаниците/чките за седум основи на дискриминација: пол, етничка припадност, религија или уверување, возраст, попреченост, сексуална ориентација и политичка припадност.

Извештајот го илустрира и интензитетот на промени до кои дошло во периодот опфатен со истражувањата од 2009 до 2023 година и ги идентификува точките каде што отпорите за промени се најочигледни.

Извештајот ги опфаќа следниве теми:

- Социјалниот контекст на испитаниците/чките и нивната самоидентификација како припадници/чки на малцинска/дискриминирана група;
- Перцепцијата за различните видови дискриминација, повеќекратната дискриминација и ставовите кон различните групи подложни на дискриминација;
- Перцепцијата на личните дискриминаторски доживувања на испитаниците/чките и/или како сведочења за туѓи дискриминаторски доживувања;
- Проценките на испитаниците/чките за напорите на државата во борбата против дискриминацијата;
- Свесност за правата од страна на потенцијалните жртви на дискриминација;
- Мислењата за еднаквоста на можностите при вработување во државата;
- Подготвеност за прифаќање вклучување информации за различностите во училишниот материјал и
- Подготвеност за прифаќање трета одредница во личните документи, освен тие за маж или за жена.

При презентирањето и анализирањето на наодите за истражуваните теми, правени се споредби меѓу различни подгрупи испитаници/чки, дефинирани според следниве социодемографски карактеристики: пол, возраст, ниво на образование, работен статус, етничка, религиозна и политичка припадност, место на живеење (урбано/рурално) и регионалната припадност.

Поради специфичниот социополитички контекст во државата уште во иницијалното истражување од 2009 година, покрај стандардните шест категории[2] основи за дискриминација, кои се употребуваат и во Специјалниот евробарометар на државите-членки на Европската Унија, беше додадена и категоријата дискриминација врз основа на политичка припадност[3]. Кога се „читаат" резултатите од истражувањето во 2023 година политичкиот контекст во кој се реализираше теренската работа се зеде предвид особено иницијативата за промена на Уставот и внесување на бугарската заедница експлицитно во текстот.

Во извештајот се прикажани само оние податоци кои имаат одредено ниво на статистичка релевантност.

[2] Шесте категории на основи на дискриминација кои се анализираат и во Специјалниот евробарометар се: дискриминација врз основа на етничка припадност, пол, сексуална ориентација, религија или уверување, возраст и попреченост.

[3] Резултатите од истражувањата покажуваат дека за огромно мнозинство од популацијата политичката припадност претставува најчеста основа за дискриминација, која е перципирана и како клучен фактор во процесот на селекција при вработување.

# Резиме

Истражувањето од 2023 година, идентично како и во 2009 година, покажува дека според перцепцијата на јавноста дискриминацијата е повеќекратно пораспространета во однос на перцепцијата дека дискриминацијата отсуствува. Дискриминацијата врз основа на политичка и етничка припадност се смета дека е најраспространета. Овој наод е тесно поврзан со перцепцијата на испитаниците/чките дека одлучувачки фактор кој ги става кандидатите/ките со еднакви вештини и квалификации во нееднаква позиција при вработување е токму нивната политичка и етничка припадност.

Дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација, според јавноста, е на дното на ранг-листата. Показател за дистанцираност на општата популација од оваа категорија граѓани/ки е и фактот што оваа група е најмалку прифатена за соседи/ки или пријатели/ки.

Одговорите на прашањето дали дискриминацијата е почеста или поретка во изминатите пет години покажуваат дека таа се перципира како почеста. А последното истражување од 2023 година покажува дека има влошување на перцепцијата за зачестеноста на дискриминацијата. На среднорочен план најнеповолна е перцепцијата за дискриминацијата во однос на политичката припадност. Шестпати поголем е бројот на испитаниците/чките кои оценуваат дека овој вид дискриминација е почест сега во споредба од пред пет години.

Резултатите од истражувањата покажуваат дека граѓаните/ките искажуваат високо ниво на толеранција во јавната и во приватната сфера од животот. На скалата на толеранција кон различните групи, испитаниците/чките покажуваат голема подготвеност за прифаќање и како соседи и како носители на изборна функција припадници од „друга“ политичка ориентација и припадници од „другите“ етнички и религиски заедници. Од друга страна, видливо е изразена резервираноста кон лицата со различна сексуална ориентација.

Податоците за личните искуства со дискриминацијата покажуваат дека повеќе испитаници/чки изјавуваат дека биле сведоци на дискриминација отколку жртви на дискриминација. Во сите истражувања во периодот од 2009 до 2023 година политичката припадност е најчест вид дискриминација, и во ситуациите кога се лично дискриминирани и кога биле сведоци на дискриминација. Благиот пад кај резултатите за дискриминација врз основа на политичка припадност за првпат во 2023 година ја изедначува со дискриминацијата врз основа на етничка припадност.

Резултатите покажуваат дека испитаниците кои биле дискриминирани во последните 12 месеци најчесто биле дискриминирани во јавниот простор и додека барале работа или биле на работа.

Во перцепцијата на јавноста доминираат три фактори кои доведуваат до нееднаков третман при вработувањето: политичката припадност, возраста на кандидатите/ките и нивната етничка припадност. Од друга страна, подготвеноста за поддршка на афирмативни мерки за обезбедување еднакви можности при вработување им дава приоритет на групите според: попреченост, возраста на кандидатите/ките, етничка и религиска припадност и политичката припадност на кандидатот/та (кај која се гледа најголем пад).

Мислењето на јавноста за напорите во борбата против дискриминацијата со текот на времето покажува тренд на опаѓање на оценката дека се вложуваат доволно вистински напори.

Мнозинството од испитаниците/чките изјавиле дека не ги знаат своите права доколку се жртва на дискриминација. Но, се забележува зголемување на свесноста за своите права помеѓу испитаниците/чките кои биле жртва на дискриминација на една основа.

Испитаниците/чките кои изјавиле дека би побарале заштита доколку се жртви на дискриминација најчесто би се обратиле до полицијата, а во помал број до судот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител, адвокат и до граѓанските организации. Се забележува тенденција на зголемување на довербата на испитаниците/чките во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Анализата на интеракциите меѓу различните социјални групи покажува дека големо мнозинство од граѓаните/ките ги доживуваат припадниците/чките на различните социјални групи како дел од сопствениот социјален круг. Големо мнозинство од испитаниците/чките изјавуваат дека имаат пријатели/ки или познаници/чки кои се различни од нив во поглед на политичките ставови, етничката или религиската припадност. Три од пет испитаници/чки одговориле дека имаат другари/ки или познаници/чки кои се од ромска етничка заедница. Истото се однесува и на лицата со попреченост. Наспроти тоа, само еден од десет испитаници/чки изјавува дека во нивниот социјален круг има лица со различна сексуална ориентација.

Процентот на испитаници/чки кои се доживуваат себеси како припадници на малцинство во местото каде што живеат во последните пет години се зголемило. Во целиот период најбројни се оние кои се чувствуваат како етничко малцинство, по нив следи религиско малцинство и малцинство во однос на политичка припадност.

Истражувањето од 2023 година покажува дека кај испитаниците/чките постои најголема подготвеност за прифаќање во училишните материјали да бидат вклучени информации за попреченост и нешто помалку за вклученоста на информациите за различностите во религијата и етничкото потекло. Испитаниците/чките се поделени по прашањето дали училишните материјали да вклучуваат информација за ромската култура и историја. Најмала поддршка има за вклучување информации во училиштата за сексуална ориентација и трансродови лица.

Очигледен е отпорот на испитаниците кон идејата за воведување трета опција - покрај маж или жена во графата за пол во официјалните документи за идентификација, која би им овозможила на лицата да се идентификуваат различно од досегашниот бинарен избор. Испитаниците/чките во големо мнозинство ја отфрлаат идејата за воведување трета опција, додека еден на десет испитаници/чки е подготвен/на за прифаќање на оваа промена.

# 1. Поставување на контекстот

## 1.1 Социјална дистанца во приватната сфера

Истражувањето и понатаму покажува дека големо мнозинство од испитаниците/чките ги сметаат припадниците/чките на различните социјални групи како дел од сопствениот социјален круг. Трендот на социјализација со малцински групи покажува стагнација во последните пет години и анализираните малцински групи не покажуваат статистички разлики меѓу истражувањето од 2018 година со годинешното истражување од 2023 година.

Во 2023 година, како и во 2018 година, четири од пет испитаници/чки изјавиле дека имаат другари/ки или познаници/чки кои се различни од нив во поглед на политичката припадност (82%), на етничката припадност (80%) и на религиската припадност (78%). Додека три од пет испитаници/чки одговориле дека имаат другари/ки или познаници/чки кои се од ромската етничка заедница (59%) и другари/ки или познаници/чки со попреченост (58%). А само еден од десет испитаници/чки изјавил дека во неговиот или нејзиниот потесен или поширок социјален круг се среќавал со лица со различна сексуална ориентација (11%). Постои тренд на намалување на бројот на испитаници/чки кои изјавиле дека нивниот социјален круг вклучува и лица со попреченост (**2009** – 65%; **2013** - 63%; **2018** - 60%; **2023** – 58%) (види: Графикон број 1, испитаници/чки кои одговориле со Да).

Графикон бр. 1: Дали имате пријатели/ки или познаници/чки кои се ...?



Имањето пријатели/ки и познаници/чки кои се припадници/чки на друга етничка заедница е почесто кај:

- Мажите одошто кај жените;
- Испитаниците/чките на возраст од 15 до 64 години отколку кај оние на возраст над 65+ години;
- Оние со завршено повисоко образование;
- Етничките Македонци/ки отколку кај етничките Албанци/ки;
- Жителите/ките на урбаните средини отколку на руралните.

Во 2023 година се забележува статистички значителен тренд на етнички диверзитет во социјалниот круг на Албанци/ки, кој е со тенденција да се изедначи со оној на етничките Македонци/ки. Додека, пак, етничката различност, кај постарата генерација од 65+ години бележи пад од 7 п.п[4] во споредба со 2018 година. Оваа возрасна група се карактеризира со најнизок процент на мултиетничка застапеност од сите возрасни групи низ сите бранови на истражувањето. Бројот на испитаници/чки кои изјавиле дека имаат пријатели/ки и познаници/чки од различна етничка заедница се зголемува со степенот на образование (види: Табела број 1).

Табела бр. 1

Има пријатели/ки и познаници/чки кои се припадници/чки на друга етничка заедница

| Пол: | Маж | | | Жена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 85% | | | 71% | | |
| 2018 | 86% | | | 77% | | |
| 2023 | 83% | | | 77% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2009 | 78% | 81% | 78% | 81% | 78% | 74% |
| 2018 | 82% | 83% | 83% | 83% | 79% | 77% |
| 2023 | 84% | 82% | 82% | 84% | 81% | 70% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2009 | 70% | | 82% | | 86% | |
| 2018 | 70% | | 84% | | 86% | |
| 2023 | 73% | | 83% | | 87% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 79% | | | 69% | | |
| 2018 | 84% | | | 69% | | |
| 2023 | 80% | | | 76% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2009 | 80% | | | 75% | | |
| 2018 | 84% | | | 75% | | |
| 2023 | 80% | | | 79% | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2009 | 84% | | | 71% | | |
| 2018 | 84% | | | 78% | | |
| 2023 | 82% | | | 77% | | |

Генерално, бројот на испитаници/чки кои изјавиле дека имаат пријатели/ки и познаници/чки Роми е непроменет кога се споредуваат **2009** (60%), **2018** (59%) и **2023** година (59%).

Меѓутоа, компаративната анализа покажува дека има флуктуација во социодемографскиот профил на испитаниците кои имаат пријатели/ки Роми/ки, објаснети продолжение.

[4] Процентни поени (п.п.) е разликата меѓу два процента добиена од популации или суб популации со различна големина.

Имањето пријатели/ки и познаници/чки Роми/ки е почесто кај:

- Мажите одошто кај жените;
- Испитаниците/чките на возраст од 45 до 54 години;
- Етничките Македонци/ки отколку кај етничките Албанци/ки;
- Христијаните/ките отколку кај муслиманите/ките и
- Жителите/ките на урбаните средини отколку на руралните.

Во 2023 година, за разлика од 2018 година, е забележано намалување кај испитаничките кои изјавиле дека имаат пријатели/ки и познаници/чки Роми/ки, а зголемување кај испитаниците. Дополнително, евидентиран е позитивен раст на инклузија на етничките Роми/ки во социјалниот круг на најмладата возрасна група (од 15 до 24 години), како и на оние меѓу 45 и 54 години (од 8 и 10 п.п, соодветно), додека, пак, евидентиран е пад кај возрасните групи од 35 до 44 години, од 54 до 64 и над 65+ (7, 6 и 7 п.п., соодветно). Последното истражување покажува голем прираст на социјална вклученост на Ромите/ките во социјалниот живот на етничките Албанци/ки (14 п.п.) и муслимани/ки (12 п.п.). Иако сѐ уште имањето пријател/ки и познаник/чки Ром/ки е далеку повообичаено кај етничките Македонци/ки и припадниците/чките од христијанска вероисповед отколку кај етничките Албанци/ки и припадниците/чките од муслиманска вероисповед, нивната разлика значително се намалува. Статистички значајна разлика има и според местото на живеење. Истражувањето во 2023 година покажува зголемување кај испитаниците/чките од руралните средини за 6 п.п, а намалување за 5 п.п. во урбаните средини (види: Табела број 2).

Табела бр. 2

Има пријатели/ки и познаници/чки Роми/ки

| Пол: | Маж | | | Жена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 66% | | | 54% | | |
| 2018 | 60% | | | 58% | | |
| 2023 | 65% | | | 53% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2009 | 55% | 61% | 57% | 65% | 66% | 58% |
| 2018 | 47% | 52% | 65% | 62% | 65% | 63% |
| 2023 | 55% | 54% | 58% | 72% | 59% | 56% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2009 | 52% | | 64% | | 65% | |
| 2018 | 52% | | 62% | | 60% | |
| 2023 | 57% | | 61% | | 60% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 67% | | | 33% | | |
| 2018 | 69% | | | 29% | | |
| 2023 | 62% | | | 43% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2009 | 67% | | | 43% | | |
| 2018 | 69% | | | 40% | | |
| 2023 | 62% | | | 52% | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2009 | 68% | | | 48% | | |
| 2018 | 68% | | | 47% | | |
| 2023 | 63% | | | 53% | | |

Имањето пријатели/ки и познаници/чки со различна сексуална ориентација е почесто кај:

- Испитаници/чки на возраст меѓу 25 и 44 години;
- Оние со завршено повисоко образование отколку кај оние со основно и средно образование;
- Етничките Македонци/ки отколку кај етничките Албанци/ки;
- Христијаните/ките отколку кај муслиманите/ките и
- Жителите/ките на урбаните средини отколку на руралните.

Зачестеноста на имање пријател/ка и познаник/чка со различна сексуална ориентација се намалува со возраста на испитаниците/чките, а најмалку веројатно е кај испитаниците/чките со над 65+ години. Позитивен тренд е забележан кај возрасната група меѓу 35 и 44 години, а зачестеноста на имање пријател/ка и познаник/чка со различна сексуална ориентација најмалку веројатно е кај најмладата генерација (од 15 до 25 години), кај возрасната група меѓу 55 и 64 години и кај најстарата (над 65+ години) генерација. Иако нема големи статистички поместувања, сè уште значително е поголема веројатноста за имање пријател/ка и познаник/чка со различна сексуална ориентација кај испитаниците/чките со завршен повисок степен на образование, етничките Македонци/ки, христијаните/ките и кај жителите/ките од урбаните средини. (види: Табела број 3).

Табела бр. 3

Има пријатели/ки и познаници/чки со различна сексуална ориентација

| Пол: | Маж | | | Жена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 7% | | | 9% | | |
| 2018 | 10% | | | 11% | | |
| 2023 | 11% | | | 10% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2009 | 14% | 10% | 6% | 6% | 4% | 3% |
| 2018 | 12% | 15% | 9% | 12% | 11% | 3% |
| 2023 | 9% | 15% | 19% | 11% | 9% | 5% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2009 | 5% | | 9% | | 13% | |
| 2018 | 4% | | 11% | | 15% | |
| 2023 | 6% | | 11% | | 18% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 9% | | | 5% | | |
| 2018 | 13% | | | 5% | | |
| 2023 | 13% | | | 5% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2009 | 8% | | | 5% | | |
| 2018 | 12% | | | 6% | | |
| 2023 | 13% | | | 6% | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2009 | 10% | | | 5% | | |
| 2018 | 15% | | | 5% | | |
| 2023 | 13% | | | 7% | | |

Имањето пријатели/ки и познаници/чки со попреченост е почесто кај:

- Испитаниците/чките на возраст од 35 до 64 години одошто кај оние на возраст од 15 до 24 години;
- Оние со завршено средно и повисоко образование отколку кај оние со основно образование;
- Етничките Македонци/ки отколку кај етничките Албанци/ки;
- Христијаните/ките отколку кај муслиманите/ките и
- Жителите/ките на урбаните средини отколку на руралните.

Во 2023 година, како и пред пет години, е повообичаено имањето пријател/ка и познаник/чка со попреченост кај испитаниците/чките на возраст меѓу 45 и 64 години, а најмалку вообичаено кај најмладата популација на возраст меѓу 15 и 24 години, која бележи голем пад од 15 п.п. (**2018** - 53%; **2023** – 38%). Разликата меѓу двете најбројни етнички и религиски заедници во земјата во 2023 година уште повеќе се зголемува на сметка на надолниот тренд кај етничките Албанци/ки од 7 п.п. (**2018** - 51%; **2023** – 44%). Иако имањето пријател/ка и познаник/чка со попреченост е позастапено кај оние со завршено средно и повисоко образование, сепак кај нив се забележува значителен надолен тренд низ годините (види: Табела број 4).

Табела бр. 4

Има пријатели/ка и познаници/чки со попреченост

| Пол: | Маж | | | Жена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 68% | | | 61% | | |
| 2018 | 63% | | | 57% | | |
| 2023 | 57% | | | 58% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2009 | 58% | 68% | 64% | 72% | 65% | 63% |
| 2018 | 53% | 58% | 59% | 66% | 66% | 58% |
| 2023 | 38% | 56% | 62% | 66% | 62% | 58% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2009 | 58% | | 68% | | 71% | |
| 2018 | 53% | | 61% | | 64% | |
| 2023 | 54% | | 59% | | 61% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 68% | | | 58% | | |
| 2018 | 63% | | | 51% | | |
| 2023 | 61% | | | 44% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2009 | 68% | | | 56% | | |
| 2018 | 64% | | | 52% | | |
| 2023 | 61% | | | 50% | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2009 | 66% | | | 63% | | |
| 2018 | 62% | | | 57% | | |
| 2023 | 58% | | | 57% | | |

Имањето пријатели/ки и познаници/чки од друга религија/уверување е почесто кај:

- Мажите отколку кај жените;
- Испитаниците/чките на возраст од 45 до 54 години и кај испитаниците од 15 до 24 години;
- Оние со завршено повисоко и средно образование отколку кај оние со основно образование;
- Христијаните/ките отколку кај муслиманите/ките.

Зачестеноста на имањето пријатели/ки и познаници/чки од поинаква религија сè уште е повообичаено кај мажите отколку кај жените. Овој бран на истражување покажува голем позитивен тренд кај најмладата популација меѓу 15 и 24 години (10 п.п.) и меѓу 45 и 54 години (6 п.п.), а надолен тренд кај испитаниците/чките меѓу 35 и 44 години (4 п.п.) и кај најстарата популација над 65 години (7 п.п.). Иако сè уште зачестеноста на имањето пријатели/ки и познаници/чки од поинаква религија расте со степенот на завршено образование, во 2023 година се забележува позитивен тренд на раст кај оние со завршено основно образование (6 п.п.). За првпат по 14 години од истражувањето направено во 2009 година досега, разликата меѓу етничките Македонци/ки и етничките Албанци/ки е изедначена. Всушност, за првпат е воочлив спротивен феномен. Имено, зачестеноста на имањето пријател/ка и познаник/чка кој/а е со поинаква религија во последните пет години расте меѓу етничките Албанци/ки, и тоа со голем скок од 12 п.п., додека кај етничките Македонци/ки е забележано мало намалување од 4 п.п. Разликата меѓу најголемите религиски заедници останува иста во 2023 година и сè уште за испитаниците/чките со христијанска вероисповед е повообичаено имањето пријател/ка и познаник/чка кој/а е припадник/чка на различна религија или уверување од нивната отколку кај муслиманите/ките. Разликата според местото на живеење станува занемарлива благодарение на нагорниот тренд во руралната средина и благиот пад во урбаната средина (види: Табела број 5).

Табела бр. 5

Има пријатели/ки и познаници/чки од друга религија/уверување

| Пол: | Маж | | | Жена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 81% | | | 70% | | |
| 2018 | 81% | | | 74% | | |
| 2023 | 82% | | | 75% | | |
| **Возрасни групи:** | **15-24** | **25-34** | **35-44** | **45-54** | **55-64** | **65+** |
| 2009 | 75% | 76% | 77% | 79% | 76% | 71% |
| 2018 | 74% | 79% | 81% | 79% | 77% | 76% |
| 2023 | 84% | 80% | 77% | 85% | 77% | 69% |
| **Образование:** | **Основно** | | **Средно** | | **Повисоко** | |
| 2009 | 66% | | 80% | | 86% | |
| 2018 | 66% | | 79% | | 84% | |
| 2023 | 73% | | 81% | | 83% | |
| **Етничка припадност:** | **Македонец/ка** | | | **Албанец/ка** | | |
| 2009 | 76% | | | 70% | | |
| 2018 | 81% | | | 65% | | |
| 2023 | 77% | | | 77% | | |
| **Религиска припадност:** | **Христијанин/ка** | | | **Муслиман/ка** | | |
| 2009 | 76% | | | 74% | | |
| 2018 | 81% | | | 71% | | |
| 2023 | 81% | | | 72% | | |
| **Место на живеење:** | **Урбано** | | | **Рурално** | | |
| 2009 | 79% | | | 72% | | |
| 2018 | 83% | | | 71% | | |
| 2023 | 79% | | | 77% | | |

Имањето пријатели/ки и познаници/чки кои се припадници/чки на политичка партија со чии ставови не се согласуваат е почесто кај:

- Мажите отколку кај жените;
- Расте со годините на испитаниците/чките;
- Оние со завршено повисоко и средно образование отколку кај оние со основно образование;
- Етничките Македонци/ки отколку кај етничките Албанци/ки;
- Христијаните/ките отколку кај муслиманите/ките;

Зачестеноста на имањето пријатели/ки и познаници/чки кој/а е припадник/чка на политичка партија со чии ставови испитаниците/чките не се согласуваат сè уште е повообичаено кај мажите отколку кај жените. Со возраста на испитаниците/чките се зголемува и зачестеноста на имањето пријатели/ки и познаници/чки со различни политички ставови. Последното истражување покажува дека помладата популација, меѓу 15 и 24 години и генерацијата меѓу 45 и 54 години, се поотворени да прифаќаат политички неистомисленици во нивниот приватен социјален круг отколку пред пет години. Сè уште имањето пријатели/ки и познаници/чки кои се припадници/чки на политичка партија со чии ставови не се согласуваат е почесто присутна кај испитаниците со повисоко завршено образование, но сепак и кај оние со завршено основно образование постои статистички значително зголемување од 5 п.п. Најзначајна разлика гледаме кај етничките Албанци/ки и кај муслиманите/ките, кај кои е позачестена социјализацијата со политичките неистомисленици и бележи раст од 13 п.п. и 10 п.п во споредба од пред пет години, додека пак кај етничките Македонци/ки и христијаните/ките се забележува благо намалување од 4 п.п. Позитивен тренд на раст има и кај испитаниците/чките од руралните средини за 6 п.п, кој заедно со благиот пад кај испитаниците/чките од урбаните средини од 3 п.п ја нивелира разликата меѓу нив од последните пет години (види: Табела број 6).

Табела бр. 6

Има пријатели/ки и познаници/чки кои се припадници/чки на политичка партија со чии ставови не се согласуваат

| Пол: | Маж | | | Жена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 91% | | | 85% | | |
| 2018 | 84% | | | 80% | | |
| 2023 | 85% | | | 80% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2009 | 85% | 91% | 87% | 90% | 87% | 86% |
| 2018 | 70% | 81% | 86% | 86% | 84% | 86% |
| 2023 | 76% | 83% | 85% | 85% | 88% | 88% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2009 | 81% | | 90% | | 97% | |
| 2018 | 72% | | 84% | | 87% | |
| 2023 | 77% | | 84% | | 88% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 90% | | | 85% | | |
| 2018 | 88% | | | 65% | | |
| 2023 | 84% | | | 78% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2009 | 90% | | | 83% | | |
| 2018 | 88% | | | 70% | | |
| 2023 | 84% | | | 80% | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2009 | 88% | | | 87% | | |
| 2018 | 86% | | | 76% | | |
| 2023 | 83% | | | 82% | | |

## **1.2** Припадност на одредено малцинство во локалната средина

Процентот на испитаници/чки кои се доживуваат себеси како припадници на малцинство во местото каде што живеат во последните пет години се зголемило за 5 п.п., приближувајќи се на 42% од **2009** (35% во **2018**/; 40% во **2023**).[5] Во целиот период најбројни се оние кои се чувствуваат како етничко малцинство (**2009** – 16%; **2018** – 13%; **2023** – 18%), кое во периодот од пет години бележи зголемување од 5 п.п. и е највисоко во целиот период од истражувањата низ годините. Второ е религиозното малцинство (**2009** – 8%; **2018** – 9%, **2023** – 9%), по него малцинството во однос на политичката припадност (**2009** – 12%; **2018** – 9%; **2023** – 7%), кое бележи благо намалување низ годините. Истовремено многу мал број испитаници/чки се изјаснуваат дека припаѓаат на малцинство во однос на попреченост (**2009** – 3%; **2018** – 3%; **2023** – 4%) и сексуална ориентација (**2009** – 1%; **2018** – 1%; **2023** – 2%) (види: Графикон број 2).

Графикон бр. 2: Дали сметате дека во Вашето место на живеење припаѓате на ...?




За разлика од етничките Македонци/ки, етничките Албанци/ки во поголем број се чувствуваат како етничко малцинство во местото каде што живеат. И бројот на етничките Албанци/ки кои се изјасниле дека се сметаат себеси за припадници/чки на етничко малцинство е драстично зголемен за 10 п.п. во последните пет години и е највисок досега во

[5] Прашањето има можност за давање повеќекратни одговори, па затоа процентот е повисок од 100%.

последните четиринаесет години (**2009** – 21%; **2018** – 17%; **2023** – 27%). Бројот на етничките Македонци/ки кои се чувствуваат како етничко малцинство во местото каде што живеат исто така има благ раст од 3 п.п. (**2009** – 8%; **2018** – 5%; **2023** – 8%). По основа на политичка припадност бројот кај етничките Македонци/ки се намалил за 3 п.п. од 2018 година, додека кај етничките Албанци/ки останал ист. Бројот на оние кои се чувствуваат како припадници/чки на религиско малцинство, според изјаснетата религиска припадност на испитаниците/чките, не е променет. Бројот на муслиманите/ките е поголем од оној на изјаснетите припадници/чки на христијанска вероисповед (види: Табела број 7).

Табела бр. 7

Дали сметате дека во Вашето место на живеење припаѓате на ...

| **Етничко малцинство:** | **Етничка припадност:** | |
|---|---|---|
| | Македонец/ка | Албанец/ка |
| 2009 | 8% | 21% |
| 2018 | 5% | 17% |
| 2023 | 8% | 27% |
| Малцинство по однос на политичка припадност: | Македонец/ка | Албанец/ка |
| 2009 | 9% | 20% |
| 2018 | 9% | 9% |
| 2023 | 6% | 9% |
| Малцинство по однос на религиска припадност: | Религиска припадност: | |
| | Христијанин/ка | Муслиман/ка |
| 2009 | 4% | 16% |
| 2018 | 6% | 16% |
| 2023 | 6% | 17% |

# 2. Перцепција на дискриминацијата

## 2.1 Перципирано ниво на дискриминација

Резултатите од четирите истражувања спроведени во 2009, 2013, 2018 и во 2023 година покажуваат дека според перцепцијата на јавноста дискриминацијата повеќекратно е пораспространета во однос на перцепцијата дека отсуствува (види: Графикон број 3). Во текот на изминатите четиринаесет години истражувањата регистрираат намалување на бројот на граѓани/ки кои сметаат дека дискриминацијата не постои во државата, за сите видови на дискриминација (**2009** - 14%; **2013** - 13%; **2018** - 9%; **2018** - 9%),[6] но во последните пет години тие стагнираат. Опфатот на перцепцијата дека дискриминацијата не постои варира од 2% за политичка припадност до 18% за религија и уверување и за лица со попреченост.

Одговорите „не знам" на прашањето за тоа колку е честа дискриминацијата, во врска со сите основи на дискриминација, се на ниво на маргинални вредности, варирајќи од 2% до 5%. Единствениот исклучок од ова се одговорите за дискриминација врз основа на сексуална ориентација, кои во претходните три истражувања опфаќале 20%, а во 2023 година се намалила на 14%.

За добивање прецизен увид во промената на перцепцијата на испитаниците/чките дискриминацијата, по сите основи, е рангирана од најраспространета до најмалку распространета. Прашањето дали дискриминацијата е перцепирана како честа е детерминирано користејќи се со агрегираните одговори од „многу честа" и „прилично честа".

**Дискриминацијата врз основа на политичка припадност** се смета за најчеста и најраспространета, во сите истражувања. За неа рекле дека е честа во **2009** - 78%; **2013** - 78%; **2018** - 77% и во **2023** - 77%.

**Дискриминацијата врз основа на етничка припадност** останува како втора најраспространета во сите истражувања (**2009** - 55%; **2013** - 51%; **2018** - 50%; **2023** - 53%).

**Дискриминацијата врз основа на попреченост** е рангирана за едно место повисоко како трета во последното истражувања поради растот од 8 п.п. на одговорите дека е честа, од 45% – **2009**, 42% - **2013**, 41% - **2018** до 49% - **2023.** Кај **дискриминацијата врз основа на возраст** има стагнација во перцепцијата за нејзината распространетост во последните три брана од истражувањето, но се забележува значително намалување од 49%, во 2009 година на 40% во 2013 (49% – **2009**; 40% - **2013**; 41% - **2018** до 42% - **2023).**

**Дискриминацијата врз основа на религија и уверување** покажува одредени варијации во одговорите дека е честа, од 37% во 2009 година до 42% во последното истражување од 2023 година (37% – **2009**; 41% - **2013**; 39% - **2018** до 42% - **2023).**

**Дискриминацијата врз основа на пол** покажува одредени варијации во одговорите дека е честа, од најниски 37% во 2013 и во 2018

[6] Процентот е добиен како средна вредност на одговорите „не постои" за сите прашани категории на испитаници/чки.

година до 40% во последното истражување од 2023 година, како и првото истражување од 2009 година (40% – **2009**; 37% - **2013**; 37% - **2018** до 40% - **2023).**

**Дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација** била рангирана највисоко во 2013 година со 46% испитаници/чки кои наведуваат дека е честа. Оттогаш овој број благо се намалува и во 2023 година е на најниско ниво од 38%, слично со 40% од првото истражување во 2009 година (40% – **2009**; 46% - **2013**; 44% - **2018** до 38% - **2023).**

Графикон бр. 3: Колку е честа секоја од наведениве форми на дискриминација во нашата земја?



Вкрстувајќи ги резултатите според социодемографските карактеристики, може да се забележи дека испитаниците/чките кои сметаат дека дискриминација врз основа на политичка припадност е честа појава повеќе се:

- Мажите (**2009** - 80%; **2018** - 79%; **2023** - 79%) отколку жените (**2009**, **2018** и **2023** - 76%) и
- Испитаниците/чките со повисоко (**2009** – 79%; **2018** – 77%; **2023** – 79%) и средно образование (**2009** - 81%; **2018** - 82%; **2023** – 81%) отколку со основно образование (**2009** – 73%; **2018** – 67%; **2023** – 72%).

Дискриминацијата врз основа на етничка припадност е перципирана како честа, повеќе од:

- Испитаниците/чките со повисоко образование (**2009** - 54%; **2018** - 50%; **2023** – 59%) отколку од испитаниците/чките со завршено основно образование (**2009** – 53%; **2018** – 49%; **2023** – 50%);
- Етничките Албанци/ки (**2009** - 75%; **2018** - 63%; **2023** – 52%) и етничките Македонци/ки (**2009** – 48% ; **2018** – 45%; **2023** – 51%) се изедначиле во 2023.
- Муслиманите/ките (**2009** – 69%; **2018** – 59%; **2023** – 56%) отколку од христијаните/ките (**2009** - 48%; **2018** - 45%; **2023** – 51%).

Перцепцијата за дискриминацијата врз основа на етничка припадност како честа значително се намалува кај етничките Албанци/ки и кај муслиманите/ките, а се зголемува кај етничките Македонци/ки и кај христијаните/ките. Во 2023 година нема разлика во перцепцијата за етничка дискриминација меѓу двете најголеми етнички групи, односно секој/а втор/а етнички/а Албанец/ка / Македонец/ка ја перципираат како честа. Додека кај двете најголеми религии таа е со тенденција да се изедначи.

Дискриминација врз основа на сексуална ориентација е перципирана како честа повеќе од:

- Испитаниците/чките на возраст од 15 до 24 години (**2009** и **2018** – 49%; **2023** – 48%) отколку од испитаниците/чките на возраст над 65 години (**2009** – 29%; **2018** – 33%; **2023** – 26%);
- Испитаниците/чките со повисоко образование (**2009** - 47%; **2018** - 50%; **2023** – 44%), отколку од оние со основно образование (**2009** - 30%; **2018** - 38%; **2023** – 34%);
- Етничките Македонци/ки (**2009** - 45%; **2018** - 46%; **2023** – 37%) и етничките Албанци/ки (**2009** – 28%; **2018** – 43%; **2023** – 38%) се изедначиле во 2023;
- Муслиманите/ките (**2009** – 27%; **2018** – 42%; **2023** – 41%) отколку од христијаните/ките (**2009** - 45%; **2018** - 45%; **2023** – 37%).

Во споредба со пред пет години, перцепцијата за дискриминација врз основа на сексуална ориентација како честа е значително намалена кај етничките Албанци/ки и кај етничките Македонци/ки, и во 2023 година таа е изедначена меѓу овие две групи. Поголем број припадници/чки на муслиманската религија перципираат дека оваа дискриминација е честа, отколку припадниците/чките на христијанската религија, кај кои се забележува значително намалување во последните пет години.

Дискриминација врз основа на пол е перципирана како честа повеќе од:

- Жените (**2009** - 43%; **2018** - 40%; **2023** – 43%) отколку од мажите (**2009** – 37%; **2018** – 34%; **2023** – 37%);
- Етничките Албанци/ки (**2009** - 49%; **2018** - 40%; **2023** – 49%) отколку од етничките Македонци/ки (**2009** – 38%; **2018** – 36%; **2023** – 38%);
- Муслиманите/ките (**2009** – 44%; **2018** – 40%; **2023** – 44%) отколку од христијаните/ките (**2009** - 38%; **2018** - 36%; **2023** – 38%).

Дискриминацијата врз основа на попреченост е перципирана како честа повеќе од:

- Жените (**2009** - 44%; **2018** - 44%; **2023** – 52%) отколку од мажите (**2009** – 45%; **2018** – 39%; **2023** – 46%)
- Испитаниците/чките на возраст од 15 до 24 години (**2009** - 45%; **2018** - 36%; **2023** – 43%) отколку од испитаниците/чките на возраст меѓу 35 и 44 години (**2009** – 43%; **2018** – 42%; **2023** – 54%) и оние со 65+ години (**2009** - 42%; **2018** - 43%; **2023** – 53%);
- Етничките Македонци/ки (**2009** - 44%; **2018** - 44%; **2023** – 48%) и етничките Албанци/ки (**2009** – 53%; **2018** – 35%; **2023** – 47%) се изедначиле во 2023;

- Испитаниците/чките во урбаните средини (**2009** – 45%; **2018** – 46%; **2023** – 51%) отколку во руралните средини (**2009** – 45%; **2018** – 35%; **2023** – 45%).

Во последните пет години перцепцијата за дискриминација врз основа на попреченост како честа е значително зголемена и кај женската и кај машката популација, но сè уште е позачестена кај жените. Испитаниците/чките на возраст од 35 до 44 години и над 65 години позачестено ја перципираат како честа, а кај најмладата популација од 15 до 24 години процентот е најмал, но кај сите овие возрасни групи се гледа зголемување во перцепцијата во последните пет години. Има зголемување и кај етничките Албанци/ки и благо зголемување кај етничките Македонци/ки и во 2023 година таа е изедначена меѓу овие две групи. Испитаниците/чките во урбаните средини во поголем број одговараат дека оваа дискриминација е честа одошто оние од руралните средини, но и кај двете групи гледаме зголемување во перцепцијата.

Дискриминација врз основа на возраст е перципирана како честа повеќе од:

- Испитаниците/чките на возраст над 65 години (**2009** - 50%; **2018** – 46%; **2023** – 48%) отколку од младите на возраст од 15 до 24 години (**2009** – 44%; **2018**– 33%; **2023** – 31%);
- Кај испитаниците/чките со средно образование (**2009** - 51%; **2018** – 44%; **2023** – 42%) и со основно (**2009** - 44%; **2018** - 41%; **2023** – 42%) има изедначување во 2023 и
- Етничките Македонци/ки (**2009** – 51%; **2018** – 46%; **2023** – 42%) отколку од етничките Албанци/ки (**2009** – 43%; **2018** – 31%; **2023** – 37%).

Генерацискиот јаз во перцепцијата дали дискриминацијата врз основа на возраст е честа, помеѓу најмладата и најстарата популација во истражувањето се зголемува низ годините, и е најголем во овој бран и изнесува 17 п.п. Оваа перцепција во 2023 година се изедначува меѓу испитаниците/чките според степенот на завршено образование. Етничките Македонци/ки дискриминацијата врз основа на возраст сè уште почесто ја перципираат отколку етничките Албанци/ки, но нивната разлика е со тенденција да се изедначи.

Дискриминација врз основа на религија и уверување е перципирана како честа повеќе кај:

- Помладите на возраст од 15 до 24 години (47% во трите истражувања) отколку кај постарите на возраст над 65 години (**2009** - 31%; **2018** - 28%; **2023** – 44%);
- Етничките Албанци/ки (**2009** - 50%; **2018** – 49%; **2023** – 41%) и кај етничките Македонци/ки (**2009** - 32%; **2018** - 35%; **2023** – 40%) има изедначување во 2023; и
- Муслиманите/ките (**2009** – 47%; **2018** – 46%; **2023** – 45%) отколку кај христијаните/ките (**2009** - 32%; **2018** - 35%; **2023** – 40%).

Перцепцијата дека дискриминацијата врз основа на религија и уверување е честа појава се забележува јасно кај поголем број на млади на возраст од 15 до 24 години, и во 2009, 2018 и во 2023 година (47%). Но, во последните пет години кај повозрасните над 65 години има значително зголемување на перцепцијата. Во последниот бран на истражувањето етничките Македонци/ки и етничките Албанци/ки дискриминацијата врз основа на религија и уверување исто ја перципираат како честа, а ова израмнување се должи на намалувањето на перцепцијата кај етничките Албанци/ки и зголемувањето кај етничките Македонци/ки. Поголем број припадници/чки на муслиманската религија перципираат дека оваа дискриминација е честа, а во помал број ваквата перцепција е присутна кај припадниците/чките на христијанската религија. Во последното истражување се гледа тенденција кон намалување на јазот на перцепција меѓу испитаниците/чките од двете религии, поради зголемувањето на перцепцијата кај припадниците/чките на христијанската религија.

## 2.2 Перципирано ниво на дискриминација на среден рок

Анализата на одговорите во врска со тоа колку почести се одредени видови дискриминација споредено со ситуацијата од пред пет години овозможува да се процени перцепцијата на испитаниците/чките во еден подолг временски период. Овие перцепции за дискриминацијата се своевиден индикатор преку кој може да

се оценат ефектите од преземените мерки во борбата против дискриминацијата. Одговорите дека одредени видови дискриминација се почести е индиција за неуспехот во борбата против дискриминацијата, додека одговорите дека одредени видови дискриминација се поретки укажуваат на позитивните ефекти од вложените напори за намалување на дискриминацијата.

Резултатите од истражувањата покажуваат дека во однос на дискриминација врз основа на политичка припадност во **2009** година 60% од испитаниците/чките сметаат дека е почеста во однос на претходните пет години, 12% сметаат дека е поретка и 24% дека останала иста. Во **2018** година 57% оцениле дека е почеста, 11% дека е поретка и 30% дека останала иста. Во **2023** година 60% оцениле дека е почеста, 10% дека е поретка и 28% дека останала иста. Што значи дека нема некакви значајни поместувања низ годините. Одговорите дека дискриминацијата врз основа на политичка припадност е почеста се најбројни кога се споредуваат со другите видови дискриминација и затоа оваа основа е рангирана како прва во сите четири истражувања (види: Графикон број 4).

Графикон бр. 4: Ако ја споредите сегашната ситуација со ситуацијата од пред пет години, дали би рекле дека следниве форми на дискриминација се почести или поретки во нашата земја?



За да се добие слика за перцепцијата на јавноста за тоа дали состојбата со дискриминацијата е влошена или е подобрена, пресметавме коефициент К[7] кој покажува каква е пропорцијата на одговорите дека дискриминацијата е „почеста" во однос на одговорите дека дискриминацијата е „поретка" споредена со ситуацијата од пред пет години (види: Графикон број 5).

Графикон бр. 5: Тренд на коефицинетот К за прашањето: ако ја споредите сегашната ситуација со ситуацијата од пред пет години, дали би рекле дека следниве форми на дискриминација се почести или поретки во нашата земја?




**Дискриминацијата врз основа на политичка припадност** е рангирана како прва во сите истражувања, во 2023 година со К = 6.09 (почеста 60.5%; поретка 9.9%), што значи дека во ова истражување учеството на оценката „почеста" е шестпати повеќе присутна во однос на оценките „поретка", што е најголема разлика досега.

[7] Коефициентот К е добиен кога оценката „почеста" е поделена со оценката „поретка". Секоја вредност на К над 1 укажува на тоа колку е пропорционално поголемо учеството на оценката „почеста" во однос на оценката „поретка". Секоја вредност под 1 укажува на тоа колку е пропорционално помало учеството на оценката „почеста" во однос на оценката „поретка". Коефициентот К поголем од 1 индицира дека не се постигнати видливи резултати и/или дека традиционалните стереотипи претставуваат латентна бариера во промените. Коефициентите под единица укажуваат на релативно позитивен исход во борбата против дискриминацијата во доменот на одредена конкретна област што е предмет на истражувањето.

Вкрстувањето со социодемографските карактеристики на испитаниците/чките покажува дека:

Дискриминацијата врз основа на политичка припадност споредена со ситуацијата пред пет години е перципирана како почеста повеќе од следниве групи испитаници/чки:

- Според возраста:

  Испитаниците/чките на возраст од 45 до 54 години (**2009** - 61%; **2018** - 54%; **2023** – 65%) и оние над 65+ (**2009** - 50%; **2018** - 54%; **2023** – 68%) отколку оние на возраст од 35 до 44 години (**2009** - 62%; **2018** - 59%; **2023** – 55%).

- Според образованието:

  Во **2009** година нема значајна разлика меѓу испитаниците/чките со различен степен на образование: повисоко образование (59%), средно образование (61%), основно образование (58%);

  Во **2018** година – повисоко (60%) и средно образование (58%), отколку основно (50%);

  Во **2023** година – повисоко (64%) и средно образование (64%), отколку основно (57%).

За првпат во последното истражување од 2023 година постарите испитаници/чки на возраст од 45 до 54 години и над 65 години, ја перципираат како почеста дискриминацијата врз основа на политичка припадност во последните пет години, кај кои е евидентирано значително зголемување од 11 п.п. и 14 п.п. Додека, пак, за првпат во новото истражување најмладите испитаници/чки на возраст од 15 до 24 години не се најбројните кои ја доживуваат како почеста. Нивото на образование е исто така важно во анализирањето на одговорите. Во 2009 година разликата во перцепцијата дека дискриминацијата е почеста е речиси изедначена со степенот на образование, додека во последните пет години имаме скок на оние со средно и со основно образование кои ја сметаат за позачестена додека, пак, се забележува стагнација кај оние со повисоко образование.

**Дискриминацијата врз основа на етничка припадност** е рангирана како втора. Во 2009 година коефициентот К = 1.39 (почеста 36.8%; поретка 26.4%), за 2013 година К = 1.40 (почеста 56%; поретка 40%), 2018 година К = 1.31 (почеста 34.4%; поретка 26.3%) и 2023 година К = 2.23 (почеста 44%; поретка 20%). Податоците укажуваат на тоа дека дошло до значително влошување на перцепцијата за овој вид дискриминација.

Дискриминација врз основа на етничка припадност споредена со ситуацијата од пред пет години е перципирана како почеста повеќе од следниве групи испитаници/чки:

- Според возраста:

  Во **2009** година од страна на испитаниците/чките на возраст од 15 до 44 години (варира од 38% до 40%) отколку кај оние над 55 години (варира од 29% до 33%);

  Во **2018** година од страна на испитаниците/чките на возраст од 15 до 34 години (варира од 39% до 42%) отколку кај оние над 55 години (варира од 26% до 27%);

  Во **2023** година од страна на испитаниците/чките на возраст од 15 до 34 години (49%) отколку кај оние над 65 години (38 %).

  Според етничката припадност:

  И во трите истражувања – од страна на етничките Албанци/ки (**2009** - 59%; **2018** - 50%; **2023** - 54%) отколку етничките Македонци/ки (**2009** - 30%; **2018** - 30%; **2023** - 39%).

- Според местото на живеење:

  И во трите истражувања - од страна на жителите/ките од рурална средина (**2009** - 40%; **2018** - 36%; **2023** - 42%) отколку оние од урбана средина (**2009** - 35%; **2018** - 33%; **2023** - 45%).

Во сите истражувања перцепцијата дека дискриминација врз основа на етничката припадност е почеста се намалува со возраста, кај сите возрасни категории има зголемување во перцепцијата дека е почеста, а оние кај кои има најголеми промени во последните пет години се: возрасната група од 45 до 55 години, оние над 65 години со 12 п.п. и оние на возраст меѓу 55 и 64 со 15 п.п. зголемување. Во однос на етничката припадност, иако етничките Албанци/ки во поголем број оценуваат дека дискриминацијата е почеста во однос на етничките Македонци/ки во последното

истражување, има значајно зголемување кај перцепцијата на етничките Албанци/ки и благо зголемување кај етничките Македонци/ки.

**Дискриминацијата врз основа на религија и уверување** во 2009 година е рангирана како шеста (К = 0.92). Тогаш побројни биле одговорите дека дискриминацијата е поретка (28.5%) во однос на одговорите дека е почеста (26.2%). Во следните две истражувања коефициентот К е во пораст. Во 2013 година К = 1.02 (почеста 48%; поретка 47%), а во 2018 година К = 1.16 (почеста 29%; поретка 25.1%). Во 2023 година К = 1.36 (почеста 35%; поретка 25%). Податоците укажуваат дека во последните пет години нема големи промени во доживувањата на дискриминацијата врз основа на религија и уверување како почеста.

Дискриминација врз основа на религија и уверување споредена со ситуацијата пред пет години е перципирана како почеста повеќе од следниве групи испитаници/чки:

- Според возраста:

  Младите на возраст од 15 до 24 години (**2009** – 32%; **2018** – 37%; **2023** – 38%) отколку испитаниците/чките на возраст над 65 години (**2009** – 21%; **2018** – 22%; **2023** – 32%).
- Според образованието:

  Испитаниците/чките со средно образование (**2009** – 28%; **2018** - 30%; **2023** – 33%), со повисоко образование (**2009** – 28%; **2018** – 31%; **2023** – 37%) и со основно образование (**2009** – 22%; **2018** – 25%; **2023** – 35%) се речиси изедначени во 2023.
- Според етничката припадност:

  И во двете истражувања - етничките Албанци/ки (**2009** и **2018** - 38%; **2023** – 41%) отколку етничките Македонци/ки (**2009** – 22%; **2018** - 26%; **2023** – 30%).
- Според религиската припадност:

  И во двете истражувања - од страна на муслиманите/ките (**2009** и **2018** - 35%; **2023** – 44%) отколку христијаните/ките (**2009** - 22%; **2018** - 26%; **2023** – 30%).
- Според местото на живеење:

  Во **2009** година нема значителна разлика, урбано (27%) или рурално (25%);

  Во **2018** година повеќе од страна на жителите/ките на руралните средини (31%) отколку на урбаните (28%);

  Во **2023** година повеќе од страна на жителите/ките на урбаните средини (37%) отколку на руралните (31%).

Истражувањето во 2023 покажува раст кај возрасните групи од 55 до 64 години и над 65 години од 10 п.п. Во сите бранови перцепцијата за зачестеност на дискриминацијата по основа на религија и уверување се намалува со годините, но во последниот бран од 2023 нивните разлики се многу приближени. Последното истражување не покажува значајни разлики меѓу степенот на образование на испитаниците/чките. Според религиската припадност, муслиманите/ките и во трите истражувања (2009, 2018 и 2023 година) оцениле дека дискриминацијата е почеста, споредено со христијаните/ките. А според етничката припадност забележуваме раст и кај двете групи во перцепцијата за нејзината зачестеност, но сè уште етничките Албанци/ки ја доживуваат како почеста отколку етничките Македонци/ки.

**Дискриминацијата врз основа на возраст** во 2009 година е рангирана како трета, коефициентот К = 1.48 (почеста 33%; поретка 22.3%). Во 2013 година коефициентот е намален К = 1.04 (почеста 48%; поретка 46%). Во 2018 година коефициентот К продолжува да се намалува и доаѓа под бројот еден К = 0.90 (почеста 25.5%; поретка 28.3%). Во 2023 година коефициентот е зголемен К = 1.51 (почеста 33%; поретка 21%) и е на највисоко ниво досега во сите истражувања. Тоа укажува на зголемена перцепција за зачестеност на дискриминацијата врз основа на возраст.

Дискриминацијата врз основа на возраст споредена со ситуацијата пред пет години е перципирана како почеста повеќе од следниве групи испитаници/чки:

- Според возраста:

  Во **2009** година од страна на испитаници/чки на возраст од 55 до 64 години (43%) отколку помладите на возраст од 15 до 24 години (26%);

Во **2018** година нема значителна разлика кај возрасните групи од 15 до 24 години (28%), односно од 55 до 64 години (26%).

Во **2023** година од страна на испитаници/чки на возраст од 45 до 54 години (39%) отколку останатите возрасни групи.

- Според образованието:

  Во **2009** испитаниците/чките со високо (38%) и со средно образование (36%) отколку со основно образование (28%);

  Во **2018** нема значајна разлика според степенот на образование: основно и средно (26%) и високо образование (24%);

  Во **2023** испитаниците/чките со средно образование (36%) отколку со основно образование (31%).

Резултатите покажуваат дека во 2023 година кај сите возрасни групи и степени на образование има зголемување на перцепцијата за зачестеноста на овој вид дискриминација во однос на претходните пет години, но нивниот соодност е сменет. Во 2023 испитаниците на возраст 45 до 54 години и оние со завршено средно образование ја гледаат како зачестена дискриминацијата по основа на возраст за разлика од останатите категории.

**Дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација** во 2009 година е со К = 1.05, што укажува дека тогаш постоел баланс меѓу оценките дека дискриминацијата е почеста (24.8%) во однос на оценката дека е поретка (23.7%). Во 2013 година коефициентот се зголемил К = 1.37 (почеста 48%; поретка 35%) и е рангирана како петта, додека во 2018 година К = 1.18 (почеста 24.5%; поретка 20.8%) се намалил но, и покрај тоа, таа останала рангирана како петта. Во 2023 година К = 1.11 (почеста 28%; поретка 26%).

Дискриминација врз основа на сексуална ориентација споредена со ситуацијата од пред пет години е перципирана како почеста повеќе од следниве групи испитаници/чки:

- Според возраста:

  И во двете истражувања помладите испитаници/чки на возраст од 15 до 24 години (**2009** – 28%; **2018** – 31%; **2023** - 30%) отколку оние на возраст над 65 години (**2009** - 21%; **2018** - 19%; **2023** - 23%).

- Според образованието:

  И во двете истражувања испитаниците/чките со повисоко образование (**2009** – 28%; **2018** – 27%; **2023** - 30%) отколку со основно образование (**2009** – 20%; **2018** – 22%; **2023** - 25%).

И во трите истражувања 2009, 2018 и 2023 година младите и испитаниците/чките со повисоко образование сметале дека дискриминацијата врз оваа основа е почеста во однос на претходните пет години, во споредба со оние на возраст над 65 години и испитаниците/чките со завршено основно образование.

**Дискриминацијата врз основа на попреченост** во 2009 година е со коефициент К = 0.91, кога 26.9% од испитаниците/чките оцениле дека е почеста, а 29.6% дека е поретка. Во 2013 година опаднал на К = 0.82 (почеста 42%; поретка 51%) и продолжил да опаѓа и во 2018 година кога постигнува К = 0.75 (почеста 22.7%; поретка 30.2%). Во 2023 година коефициентот е зголемен К = 1.29 (почеста 32%; поретка 25%) и е на највисоко ниво досега во сите истражувања. Тоа укажува на зголемена перцепција за зачестеност на дискриминацијата врз основа на попреченост.

Дискриминација врз основа на попреченост споредена со ситуацијата од пред пет години е перципирана како почеста повеќе од следниве групи испитаници/чки:

- Според возраста:

  Во **2009** година - испитаниците/чките на возраст од 15 до 44 години (26%) отколку кај оние над 65 години (18%);

  Во **2018** година нема значителна разлика во перцепцијата според возраста на испитаниците/чките од 15 до 24 години, односно над 65 години (25%);

  Во **2023** година - испитаниците/чките на возраст од 45 до 54 и над 65 години (36%) отколку кај најмладите од 15 до 24 (26%);

- Според етничката припадност:

  И во трите истражувања – етничките Албанци/ки (**2009** – 38%; **2018** - 29%; **2023** - 42%) отколку етничките Македонци/ки (**2009** - 24%; **2018** - 22%; **2023** - 28%).

Во истражувањето од 2023 година има големо зголемување од 11 п.п. кај најстарата популација над 65 години во перцепцијата за зачестеноста на дискриминацијата врз основа на попреченост отколку пред пет години, што за првпат ги прави најзагрижена возрасна група наспроти останатите. А за првпат младите ја сметаат за помалку зачестена. Во однос на етничката припадност, етничките Албанци/ки ја сметаат оваа дискриминација за почеста споредено со етничките Македонци/ки во трите истражувања, а и кај двете групи во 2023 година се забележува раст во перцепцијата за зачестеност на овој вид дискриминација.

**Дискриминацијата врз основа на пол** од рангирана како четврта во 2009 година со коефициент К = 0.93 (почеста 27.3%; поретка 29.3%), во 2013 година е рангирана на шестото место со К = 0.94 (почеста 46%; поретка 49%), додека во 2018 година ја зазема седмата позиција со К = 0.67 (почеста 20.5%; поретка 30.4%). Во 2023 година коефициентот е зголемен К = 1.28 (почеста 32%; поретка 24%) и е на највисоко ниво досега во сите истражувања. Тоа укажува на зголемена перцепција за зачестеност на дискриминацијата врз основа на пол.

Дискриминација врз основа на пол споредена со ситуацијата од пред пет години е перципирана како почеста од следниве групи испитаници/чки:

- Според полот:

  Во 2009 и 2018 истражувањата – нема значителна разлика меѓу мажите (**2009** - 27%; **2018** - 20%; **2023** - 28%) и жените (**2009** - 28%; **2018** - 21%; **2023** - 28%);

  Во 2023 жените (33%) отколку мажите (30%).

- Според образованието:

  Во 2009 и 2018 истражувањата – испитаниците/чките со средно (**2009** – 29%; **2018** – 22%; **2023** - 28%) и повисоко образование (**2009** – 30%; **2018** – 20%; **2023** - 28%) отколку со основно образование (**2009** – 24%; **2018** – 18%; **2023** - 28%);

  Во 2023 испитаниците/чките со повисоко (33%) отколку со основно образование (30%).

- Според етничката припадност:

  Во трите истражувања – етничките Албанци/ки (**2009** – 35%; **2018** - 24%; **2023** - 42%) отколку етничките Македонци/ки (**2009** – 26%; **2018** – 19%; **2023** - 27%).

Во 2009 и 2018 година и мажите и жените (во изедначена бројка) сметале дека дискриминацијата врз основа на пол е почеста, а во последното истражување почнува да се насетува блага разлика кај жените, кои ја доживуваат како позачестена во последните пет години, отколку мажите. Податоците покажуваат големо зголемување во перцепцијата кај двете етнички групи, особено кај етничките Албанци/ки, која е зголемена за 18 п.п., што ја прави разликата меѓу нив и етничките Македонци/ки најголема досега.

## 2.3 Прифаќање на разликите

Истражувањето покажува стабилен тренд на висока подготвеност на испитаниците/чките за прифаќање различни групи во нивната приватна сфера на живеење[8]. Резултатите покажуваат дека најголема е подготвеноста за прифаќање сосед/ка кој/а е припадник/чка или симпатизер/ка на „друга"[9] политичка партија и лице со попреченост. Кај припадници/чки од „другите" религиозни и етнички заедници последното истражување покажува негативен тренд на помала подготвеност за нивно прифаќање, во споредба со пред пет години.

[8] Во истражувањата во 2009, 2018 и во 2023 година, испитаниците беа прашани: „Користејќи скала од 1 до 10, би можеле ли да ми кажете како лично Вие би се чувствувале во секоја од наведениве ситуации?". На скалата „1" значи дека се чувствувате „многу непријатно", а на „10" значи дека се чувствувате „сосема пријатно" во таа ситуација. Скалата која се употребува во истражувањето во 2013 година е променета: „Користејќи ја скалата од 1 до 9, би можеле ли да ми кажете како лично Вие би се чувствувале во секоја од наведениве ситуации?" На скалата „1" значи дека се чувствувате „многу непријатно", а на „9" значи дека се чувствувате „сосема пријатно" во таа ситуација. Поради оваа причина резултатите од 2013 година се земени само како показател за идентификација на можни поголеми промени во структурата на ставовите во популацијата.

[9] Терминот „друга/и" во наводници се користи за да означи дека се работи за групи/заедници на кои испитаниците/чките не им припаѓаат.

Прифаќањето сосед/ка кој/а е од ромската етничка заедница е мошне високо, но, сепак, пониско отколку оние општо за прифаќање сосед/ка од „друга" етничка припадност. Најмала е подготвеноста за прифаќање за лицата со различна сексуална ориентација. Изразената социјална дистанцираност од оваа група покажува тренд на благо намалување во 2023 година (види: Графикон број 6).[10]

Графикон бр. 6: Користејќи скала од 1 (многу непријатно) до 10 (сосема пријатно), означете како Вие лично би се чувствувале доколку би имале сосед/ка што е ...?




Степенот на комотност да се имаат соседи/ки Роми/ки е повисок кај:

- Испитаниците/чките на возраст над 65 години, отколку оние на возраст од 15-24 години;
- Етничките Македонци/ки отколку етничките Албанци/ки; и
- Жителите/ките од урбаните средини отколку од руралните.

Последното истражување покажува позитивен тренд на зголемена подготвеноста на младата популација од 15 до 24 години за прифаќање на соседи/ки Роми/ки. Резултатите исто така покажуваат континуиран тренд низ годините на поголема подготвеност за прифаќање на Ромите/ките кај етничките Македонци/ки и кај жителите/ките од урбаните средини, иако има намалување и кај двете категории во последните 5 години (види: Табела број 8).

[10] Добиена е како средна вредност во системот spss преку рекодирани варијабли без вредностите „не знам" и „индиферентен".

Табела бр. 8

| Степен на комотност да се имаат соседи Роми/ки | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2009 | 7.5 | 7.7 | 7.7 | 7.8 | 8.1 | 8.0 |
| 2018 | 6.9 | 7.4 | 7.8 | 7.6 | 7.6 | 7.9 |
| 2023 | 7.6 | 7.2 | 7.5 | 7.3 | 7.3 | 7.3 |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 8.0 | | | 6.5 | | |
| 2018 | 8.2 | | | 5.8 | | |
| 2023 | 7.8 | | | 5.7 | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2009 | 8.0 | | | 7.3 | | |
| 2018 | 8.0 | | | 6.9 | | |
| 2023 | 7.5 | | | 7.1 | | |

Степенот на комотност да се имаат соседи/ки со попреченост е повисок кај:

- Испитаниците/чките со повисоко образование отколку оние со основно;
- Етничките Македонци/ки отколку етничките Албанци/ки;

Чувството на комотност да се има сосед/ка со попреченост, е една од највисоко оценетите категории во истражувањето. Последното истражување покажува скоро изедначување според степенот на образование и местото живеење кај испитаниците/чките. Пониска подготвеност за прифаќање на лицата со попреченост е евидентирано кај етничките Албанци/ки, кај кои  воедно се забележува благ тренд на зголемена социјална дистанцираност од нив низ годините (види: Табела број 9).

Табела бр. 9

| Степен на комотност да се имаат соседи/ки со попреченост | | | |
|---|---|---|---|
| Образование: | Основно | Средно | Повисоко |
| 2009 | 8.4 | 8.6 | 8.5 |
| 2018 | 7.6 | 8.3 | 8.4 |
| 2023 | 7.9 | 8.1 | 8.1 |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | Албанец/ка |
| 2009 | 8.8 | | 7.4 |
| 2018 | 8.6 | | 6.9 |
| 2023 | 8.6 | | 6.4 |
| Место на живеење: | Урбано | | Рурално |
| 2009 | 8.8 | | 8.1 |
| 2018 | 8.4 | | 7.8 |
| 2023 | 8.0 | | 8.1 |

Степенот на комотност да се има лице со различна сексуална ориентација за сосед/ка е повисок кај:

- Испитаниците/чките на возраст од 35 до 44 години, отколку оние на возраст над 65 години;
- Испитаниците/чките со повисоко и средно образование, отколку оние со основно

Истражувањето од 2023 година покажува нивелирање на разликата кај повеќе социо-демографски групи за спремноста на социјална инклузија на хомосексуалците кај испитаниците/чките. Позитивен тренд на повисока подготвеност за прифаќање на хомосексуалците е видлива кај жените, испитаниците на возраст од 15 до 44 години и од 55 до 64 години, кај сите степени на завршено образование, кај двете големи етнички и заедници, особено кај етничките Албанци/ки и муслиманите/ките и испитаниците/чките кои живеат руралните средини. За првпат во истражувањето, во последниот бран од 2023 година скоро се изедначени разликите кај етничките и верските групи (види: Табела број 10).

Табела бр. 10

Степен на комотност за имање лице со различна сексуална ориентација за сосед/ка

| Пол: | Маж | | | Жена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 4.3 | | | 4.7 | | |
| 2018 | 4.2 | | | 4.8 | | |
| 2023 | 4.7 | | | 4.6 | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2009 | 4.8 | 4.6 | 4.5 | 4.3 | 4.4 | 4.1 |
| 2018 | 4.5 | 4.6 | 5.0 | 4.4 | 4.4 | 3.9 |
| 2023 | 4.9 | 5.0 | 5.2 | 4.3 | 4.7 | 3.9 |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2009 | 3.9 | | 4.6 | | 5.5 | |
| 2018 | 3.4 | | 4.6 | | 5.2 | |
| 2023 | 3.8 | | 4.8 | | 5.9 | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 4.9 | | | 3.5 | | |
| 2018 | 4.8 | | | 3.6 | | |
| 2023 | 5.0 | | | 4.2 | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2009 | 4.8 | | | 3.6 | | |
| 2018 | 5.1 | | | 3.3 | | |
| 2023 | 4.9 | | | 4.1 | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2009 | 4.8 | | | 4.0 | | |
| 2018 | 5.2 | | | 3.6 | | |
| 2023 | 4.8 | | | 4.4 | | |

Степенот на комотност да се имаат соседи/ки од друга етничка група е повисок кај:

- Етничките Македонци/ки отколку етничките Албанци/ки.

Најновото истражување укажува на континуирано проширување на јазот меѓу етничките Македонци/ки и етничките Албанци/ки, и кај двете категории се забележува тренд на зголемена социјална дистанцираност од различна етничка припадност, кој е особено поизразен кај етничките Албанци/ки (види: Табела број 11).

Табела бр. 11

Степен на комотност да се имаат соседи/ки од друга етничка група

| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 7.8 | 7.6 | 7.9 | 7.7 | 7.9 | 8.1 |
| 2018 | 7.9 | 8.0 | 8.2 | 8.1 | 8.0 | 8.3 |
| 2023 | 8.0 | 7.7 | 7.9 | 7.9 | 7.9 | 7.7 |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 8.0 | | | 7.2 | | |
| 2018 | 8.5 | | | 7.0 | | |
| 2023 | 8.2 | | | 6.4 | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2009 | 8.1 | | | 7.5 | | |
| 2018 | 8.4 | | | 7.8 | | |
| 2023 | 7.9 | | | 7.7 | | |

Степенот на комотност да се имаат соседи/ки од друга религија или уверување е повисок кај:

- Испитаниците/чките со повисоко, отколку оние со основно;
- Етничките Македонци/ки, отколку етничките Албанци/ки; и
- Христијаните/ките, отколку муслиманите/ките.

Најновото истражување укажува на континуирано влошување на подготвеноста за прифаќање на припадници/чки од различна религија или уверување, меѓу етничките Македонци/ки и етничките Албанци/ки, како и меѓу двете најголеми религиски заедници во државата. Низ годините етничките Албанци/ки и муслиманите/ките покажуваат помала подготвеност за прифаќање на соседи/ки од друга религија или уверување, отколку етничките Македонци/ки и христијаните/ките (види: Табела број 12).

Табела бр. 12

Степен на комотност да се имаат соседи/ки од друга религија или уверување

| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 8.0 | 7.8 | 8.1 | 7.8 | 7.9 | 8.3 |
| 2018 | 7.9 | 8.1 | 8.3 | 8.2 | 8.0 | 8.6 |
| 2023 | 7.8 | 7.6 | 7.7 | 8.0 | 7.8 | 7.6 |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2009 | 7.7 | | 8.0 | | 8.6 | |
| 2018 | 7.7 | | 8.3 | | 8.4 | |
| 2023 | 7.6 | | 7.8 | | 8.0 | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 8.2 | | | 7.2 | | |
| 2018 | 8.6 | | | 6.9 | | |
| 2023 | 8.2 | | | 6.4 | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2009 | 8.2 | | | 7.5 | | |
| 2018 | 8.6 | | | 7.4 | | |
| 2023 | 8.1 | | | 6.9 | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2009 | 8.3 | | | 7.5 | | |
| 2018 | 8.4 | | | 7.8 | | |
| 2023 | 7.8 | | | 7.6 | | |

Степенот на комотност да се имаат соседи/ки од друга политичка партија е повисок кај:

- Испитаниците/чките на возраст над 65 години отколку оние на возраст од 15 до 24 години;
- Испитаниците/чките со повисоко, отколку оние со основно образование; и
- Етничките Македонци/ки отколку етничките Албанци/ки.

Континуиран тренд од пред 5 години се забележува меѓу различните социо-демографски групи. Истражувањето од 2023 година детектира намалена комотност да се имаат соседи/ки од друга политичка партија кај испитаниците/чките над 65+ годни, етничките Албанци/ки и жителите на урбаните средини (види: Табела број 13).

Табела бр. 13

Степен на комотност да се имаат соседи/ки од друга политичка партија

| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 8.4 | 8.6 | 8.6 | 8.2 | 8.4 | 8.8 |
| 2018 | 7.8 | 8.0 | 8.2 | 8.1 | 8.3 | 8.7 |
| 2023 | 7.9 | 8.0 | 8.2 | 7.8 | 8.1 | 8.3 |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2009 | 8.2 | | 8.6 | | 8.9 | |
| 2018 | 7.8 | | 8.3 | | 8.4 | |
| 2023 | 7.8 | | 8.1 | | 8.4 | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 8.8 | | | 7.5 | | |
| 2018 | 8.7 | | | 6.8 | | |
| 2023 | 8.7 | | | 6.1 | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2009 | 8.7 | | | 8.2 | | |
| 2018 | 8.4 | | | 7.9 | | |
| 2023 | 8.1 | | | 8.0 | | |

Кога се работи за подготвеноста за прифаќање на разликите во јавната сфера[11], студијата покажува дека нема драстични промени во распределбата на одговорите кај испитаниците/чките.

Испитаниците/чките во сите истражувања покажуваат најмала резервираност околу идејата жена да биде носител на највисока позиција на власт во државата. Втора по ред, е високата подготвеност кај испитаниците/чките за прифаќање на припадник/чка од опозициска партија за носител/ка на таа функција. Веднаш зад неа е подготвеноста за прифаќање на лица припадници/чки на не-мнозинска религиска или етничка група, кај кои е евидентирано благо намалување, а нешто помалку од нив е подготвеноста за прифаќање на лицата со попреченост. Кога е во прашање возраста, за испитаниците/чките поприфатливо им е да поддржат помлад/а функционер/ка на највисоката положба на власт, отколку лице постаро

[11] Во истражувањата во 2009, 2018 и 2023 година испитаниците беа прашани: „Користејќи скала од 1 до 10 би можеле ли да ми кажете како би се чувствувале доколку некој од следниве категории на лица е носител на највисоката избрана позиција на власт во државата?" (На скалата, „1" значи дека се чувствувате „многу непријатно", а „10" значи дека се чувствувате „сосема пријатно"). Скалата која се употребува во истражувањето во 2013 година е променета: „Користејќи ја скалата од 1 до 9, би можеле ли да ми кажете како би се чувствувале доколку некој од следниве категории на лица е носител на највисоката избрана позиција на власт во државата?" (На скалата „1" значи дека се чувствувате „многу непријатно", а „9" значи дека се чувствувате „сосема пријатно"). Поради оваа причина резултатите од 2013 година се земени само како показател за идентификација на можни поголеми промени во структурата на ставовите во популацијата.

Графикон бр. 7: Користејќи скала од 1 (многу непријатно) до 10 (сосема пријатно), означете како би се чувствувале доколку носител на највисоката изборна позиција на власт во државата е ...?




од 75 години. Но, подготвеноста за прифаќање на постарите лица е, исто така, во тренд на зголемување. За испитаниците/чките најмалку прифатлива е идејата лице со различна сексуална ориентација да е носител/ка на највисоката функција на власт во државата. Резервираноста на испитаниците/чките кон овие лица е видливо изразена во јавната сфера, но и во приватната сфера (види: Графикон број 7)[12].

Степенот на подготвеност за прифаќање жена за носителка на највисоката изборна позиција на власт е повисок кај:

- Жените отколку кај мажите;
- Етничките Македонци/ки отколку кај етничките Албанци/ки;
- Христијаните/ките отколку кај муслиманите/ките и
- Жителите/ките од урбаните средини отколку од руралните.

Подготвеност за прифаќање жена за носител на највисоката изборна позиција на власт е највисоко оценета категорија во сите истражувања низ годините и нема поголеми разлики според социодемографските карактеристики на испитаниците/чките, освен меѓу двете најбројни етнички и религиски заедници во државата. Континуирано поголема подготвеност за прифаќање жена за носител на највисоката изборна позиција на власт искажуваат етничките Македонци/ки и христијаните/ките отколку етничките Албанци/ки и муслиманите/ките (види: Табела број 14).

[12] Добиена е како средна вредност во системот spss преку рекодирани варијабли без вредностите „не знам“ и „индиферентен“.

Табела бр. 14

| Степен на подготвеност за прифаќање жена за носителка на највисоката изборна позиција на власт | | |
|---|---|---|
| Пол: | Маж | Жена |
| 2009 | 8.6 | 9.2 |
| 2018 | 8.5 | 9.0 |
| 2023 | 8.5 | 8.8 |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | Албанец/ка |
| 2009 | 9.1 | 8.4 |
| 2018 | 9.2 | 7.4 |
| 2023 | 9.3 | 7.0 |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | Муслиман/ка |
| 2009 | 9.1 | 8.4 |
| 2018 | 9.2 | 7.9 |
| 2023 | 9.2 | 7.5 |
| Место на живеење: | Урбано | Рурално |
| 2009 | 9.0 | 8.7 |
| 2018 | 9.0 | 8.3 |
| 2023 | 8.8 | 8.5 |

Степенот на подготвеност за прифаќање лице од опозициска партија за носител/ка на највисоката изборна позиција на власт е повисок кај:

- Испитаниците/чките со повисоко образование отколку кај оние со основно образование и
- Етничките Македонци/ки отколку кај етничките Албанци/ки.

Низ годините највисока подготвеност за прифаќање лице од опозициска партија на највисока изборна функција на власт е кај испитаниците/чките на возраст над 65 години, кај кои воедно се забележува и континуиран пад. Истражувањето детектира исто така и континуирана разлика по етничко ниво околу подготвеност за прифаќање опозиционер на највисока функција на власт, која низ сите истражувања е повисока кај етничките Македонци/ки одошто кај етничките Албанци/ки (види: Табела број 15).

Табела бр. 15

Степен на подготвеност за прифаќање лице од опозициска партија за носител/ка на највисоката изборна позиција на власт:

| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 7.8 | 7.6 | 7.7 | 7.7 | 7.9 | 7.9 |
| 2018 | 7.0 | 7.2 | 7.6 | 7.4 | 7.6 | 8.1 |
| 2023 | 7.0 | 7.3 | 7.6 | 7.2 | 7.5 | 7.6 |

| Образование: | Основно | Средно | Повисоко |
|---|---|---|---|
| 2009 | 7.5 | 7.8 | 8.2 |
| 2018 | 6.9 | 7.7 | 7.6 |
| 2023 | 7.0 | 7.6 | 7.8 |

| Етничка припадност: | Македонец/ка | Албанец/ка |
|---|---|---|
| 2009 | 8.0 | 6.8 |
| 2018 | 8.0 | 5.9 |
| 2023 | 7.9 | 6.1 |
| Место на живеење: | Урбано | Рурално |
| 2009 | 8.1 | 7.3 |
| 2018 | 7.8 | 7.1 |
| 2023 | 7.4 | 7.4 |

Степенот на подготвеност за прифаќање лице кое е припадник/чка на етничко или религиско малцинство за носител/ка на највисоката изборна позиција на власт е повисок кај:

- Испитаниците/чките според степенот на образование;
- Етничките Македонци/ки и етничките Албанци/ки и
- Христијаните/ките и муслиманите/ките.

Гледано по социодемографските карактеристики на испитаниците/чките, разликите во подготвеноста за прифаќање припадник/чка од етничка или од религиска малцинска група на највисоката функција се речиси нивелирани низ сите значајни параметри кои се следат во оваа студија. Низ годините постои благ надолен тренд на опаѓање на подготвеноста за прифаќање кај двете етнички и религиозни групи, но резултатите на етничките Албанци/ки и муслиманите/ките се единствените под вкупниот просек од истражувањето (види: Табела број 16 и Табела број 17).

Табела бр. 16

Степен на подготвеност за прифаќање лице кое е припадник/чка н а етничко малцинство за носител/ка на највисоката изборна позиција на власт:

| Образование: | Основно | Средно | Повисоко |
|---|---|---|---|
| 2009 | 6.7 | 6.4 | 7.1 |
| 2018 | 6.7 | 7.1 | 7.3 |
| 2023 | 6.6 | 6.8 | 7.0 |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | Албанец/ка |
| 2009 | 6.3 | | 6.8 |
| 2018 | 7.1 | | 6.5 |
| 2023 | 6.9 | | 6.1 |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | Муслиман/ка |
| 2009 | 6.4 | | 7.1 |
| 2018 | 7.1 | | 6.9 |
| 2023 | 6.9 | | 6.4 |
| Место на живеење: | Урбано | | Рурално |
| 2009 | 6.8 | | 6.3 |
| 2018 | 7.3 | | 6.8 |
| 2023 | 6.7 | | 6.8 |

Табела бр. 17

Степен на подготвеност за прифаќање  лице кое е припадник/чка на религиско малцинство за носител/ка на највисоката изборна позиција на власт:

| Образование: | Основно | Средно | Повисоко |
|---|---|---|---|
| 2009 | 6,9 | 6,6 | 7,4 |
| 2018 | 6,9 | 7,3 | 7,4 |
| 2023 | 6.6 | 6.9 | 7.2 |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | Албанец/ка |
| 2009 | 6,6 | | 7,0 |
| 2018 | 7,4 | | 6,6 |
| 2023 | 7.0 | | 6.2 |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | Муслиман/ка |
| 2009 | 6,6 | | 7,2 |
| 2018 | 7,4 | | 7,0 |
| 2023 | 7.0 | | 6.6 |
| Место на живеење: | Урбано | | Рурално |
| 2009 | 7,0 | | 6,4 |
| 2018 | 7,5 | | 7,0 |
| 2023 | 6.9 | | 6.9 |

Степенот на подготвеност за прифаќање лице помладо од 30 години за носител/ка на највисоката изборна позиција на власт е повисок кај:

- Испитаниците/чките на возраст од 15 до 34 години отколку кај оние на возраст од 45 до 64 години;
- Етничките Македонци/ки отколку кај етничките Албанци/ки и
- Христијаните/ките отколку кај муслиманите/ките.

Помладите испитаници/чки на возраст од 15 до 34 години се поподготвени да прифатат лице помладо од 30 години на највисоката функција на власт. Иако подготвеноста се намалува со возраста на испитаниците/чките, сепак, кај повозрасната популација гледаме инкрементални промени низ годините.

Значително намалување е евидентирано кај етничките Албанци/ки и кај муслиманите/ките, што заедно со благиот раст кај етничките Македонци/ки и кај христијаните/ките, за првпат во истражувањето ги менува позициите за подготвеност на овие две групи (види: Табела број 18).

Табела бр. 18

Степен на подготвеност за прифаќање лице помладо од 30 години за носител/ка на највисоката изборна позиција на власт:

| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 7.1 | 6.5 | 6.3 | 6.2 | 5.8 | 5.9 |
| 2018 | 7.6 | 7.0 | 6.6 | 6.4 | 6.3 | 6.1 |
| 2023 | 7.3 | 6.9 | 6.7 | 6.0 | 6.2 | 6.4 |

| Образование: | Основно | Средно | Повисоко |
|---|---|---|---|
| 2009 | 6.7 | 6.2 | 6.1 |
| 2018 | 7.0 | 6.6 | 6.5 |
| 2023 | 6.5 | 6.6 | 6.7 |

| Етничка припадност: | Македонец/ка | Албанец/ка |
|---|---|---|
| 2009 | 6.0 | 7.6 |
| 2018 | 6.4 | 7.2 |
| 2023 | 6.9 | 5.9 |
| **Религиска припадност:** | **Христијанин/ка** | **Муслиман/ка** |
| 2009 | 6.0 | 7.2 |
| 2018 | 6.3 | 7.4 |
| 2023 | 6.9 | 5.9 |
| **Место на живеење:** | **Урбано** | **Рурално** |
| 2009 | 6.2 | 6.6 |
| 2018 | 6.6 | 6.8 |
| 2023 | 6.3 | 6.7 |

Степенот на подготвеност за прифаќање лице постаро од 75 години за носител/ка на највисоката изборна позиција на власт е повисок кај:

- Етничките Македонци/ки отколку кај етничките Албанци/ки.

Во последните пет години кај сите значајни групи испитаници/чки анализирани во оваа студија се гледа зголемување на подготвеноста за прифаќање постари лица за носители на највисоката изборна позиција на власт. Најголем раст кај подготвеноста за прифаќање постари лица во јавната сфера е забележана кај испитаниците/чките од двата пола, најмладата и повозрасната популација од 55+ години, кај двете најголеми етнички групи и кај жителите од руралните средни. Позначајна разлика меѓу социодемографските карактеристики се јавува кај етничките Македонци/ки, за кои е поприфатлива идејата за носител на највисоката функцијата на власт да биде избрано лице постаро од 75 години, отколку за етничките Албанци/ки (види: Табела број 19).

Табела бр. 19

| Степен на подготвеност за прифаќање лице постаро од 75 години за носител/ка на највисоката изборна позиција на власт: | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол: | Маж | | | Жена | | |
| 2009 | 3.9 | | | 3.3 | | |
| 2018 | 4.5 | | | 4.4 | | |
| 2023 | 5.5 | | | 5.2 | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2009 | 3.7 | 3.7 | 3.5 | 3.4 | 3.5 | 3,8 |
| 2018 | 3.5 | 5.0 | 4.9 | 4.2 | 4.3 | 4,4 |
| 2023 | 5.4 | 5.2 | 5.3 | 5.0 | 5.2 | 5.7 |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 3.6 | | | 3.5 | | |
| 2018 | 4.7 | | | 3.9 | | |
| 2023 | 5.6 | | | 4.6 | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2009 | 3.8 | | | 3.3 | | |
| 2018 | 4.7 | | | 4.1 | | |
| 2023 | 5.4 | | | 5.1 | | |

Степенот на подготвеност за прифаќање лице со попреченост за носител/ка на највисоката изборна позиција на власт е повисок кај:

- Испитаниците/чките од возрасната група од 55 до 64 години;
- Испитаниците/чките со повисок степен на завршено образование;
- Етничките Македонци/ки отколку кај етничките Албанци/ки;
- Христијаните/ките отколку кај муслиманите/ките и
- Жителите/ките од урбаните средини.

Последното истражување не покажува значителни разлики на социодемографскиот профил на испитаниците/чките кога е во прашање степенот на прифатливост кон лицата со попреченост во јавната сфера. Благ позитивен раст во последните пет години се забележува кај најмладата популација на возраст од 15 до 24 години и кај испитаниците/чките со завршено основно образование (види: Табела број 20).

Табела бр. 20

| Степен на подготвеност за прифаќање лице со попреченост за носител/ка на највисоката изборна позиција на власт: | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2009 | 6.8 | 6.6 | 6.8 | 6.9 | 6.5 | 6.7 |
| 2018 | 5.6 | 6.8 | 6.8 | 6.3 | 6.7 | 6.5 |
| 2023 | 6.3 | 6.4 | 6.6 | 6.3 | 6.7 | 6.3 |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2009 | 6.6 | | 6.7 | | 7.1 | |
| 2018 | 5.8 | | 6.6 | | 7.0 | |
| 2023 | 6.4 | | 6.4 | | 6.6 | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 6.7 | | | 6.7 | | |
| 2018 | 6.9 | | | 5.8 | | |
| 2023 | 6.6 | | | 6.0 | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2009 | 6.8 | | | 6.6 | | |
| 2018 | 6.9 | | | 5.7 | | |
| 2023 | 6.6 | | | 6.0 | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2009 | 6.9 | | | 6.4 | | |
| 2018 | 6.9 | | | 5.9 | | |
| 2023 | 6.6 | | | 6.1 | | |

Степенот на подготвеност за прифаќање лице со различна сексуална ориентација за носител/ка на највисоката изборна позиција на власт е повисок кај:

- Испитаниците/чките со повисоко и средно образование отколку кај оние со основно образование.

Подготвеност за прифаќање на лицата со различна сексуална ориентација за носител на највисоката изборна позиција на власт е втора по ред позитивно оценета категорија во сите истражувања низ годините. Последното истражување од 2023 покажување нивелирање на разлики според социодемографските карактеристики на испитаниците/чките. Поголемата подготвеност за прифаќање на лицата со различна сексуална ориентација во јавната сфера се зголемува со образованието и е во нагорен тренд низ годините. Особено позитивен тренд се забележува и кај етничките Албанци/ки, муслиманите/ките и кај жителите/ките од руралните средини (види: Табела број 21).

Табела бр. 21

Степен на подготвеност за прифаќање лице со различна сексуална ориентација за носител/ка на највисоката изборна позиција на власт

| Пол: | Маж | | Жена |
|---|---|---|---|
| 2009 | 3.2 | | 3.5 |
| 2018 | 3.6 | | 4.1 |
| 2023 | 3.8 | | 3.8 |
| **Образование:** | **Основно** | **Средно** | **Повисоко** |
| 2009 | 3.0 | 3.5 | 3.8 |
| 2018 | 3.1 | 3.9 | 4.4 |
| 2023 | 3.0 | 3.9 | 4.8 |
| **Етничка припадност:** | **Македонец/ка** | | **Албанец/ка** |
| 2009 | 3.6 | | 2.8 |
| 2018 | 4.2 | | 2.9 |
| 2023 | 3.8 | | 4.0 |
| **Религиска припадност:** | **Христијанин/ка** | | **Муслиман/ка** |
| 2009 | 3.6 | | 2.8 |
| 2018 | 4.2 | | 3.0 |
| 2023 | 3.8 | | 3.7 |
| **Место на живеење:** | **Урбано** | | **Рурално** |
| 2009 | 3.6 | | 3.0 |
| 2018 | 4.4 | | 3.0 |
| 2023 | 3.9 | | 3.6 |

# 3. Искуства со дискриминацијата

## 3.1 Лични искуства со дискриминацијата

Резултатите од истражувањата покажуваат дека секој трет испитаник бил дискриминиран врз најмалку една од основите кои се предмет на истражувањата (**2009** – 34%; **2013** – 22%[13]; **2018** – 36%; **2023** – 34%). Додека мнозинството, во речиси еднаков број, изјавило дека не биле лично дискриминирани (**2009** – 65%; **2013** – 78%; **2018** – 64%; **2023** – 65%) (види: Графикон број 8).

Графикон бр. 8: Дали во изминатите 12 месеци лично сте се почувствувале дискриминирани или вознемирувани по една или повеќе од следниве основи?




[13] Резултатите од 2013 година се добиени по пат на телефонска анкета, за разлика од теренските анкети во 2009, 2018 и 2023 година, и затоа ја користиме како показател кој, во основа покажува истоветна структура но со различна фреквентност на одговорите.

## 3.2 Присуство при дискриминација на други лица

Од друга страна, во ситуација како сведоци на најмалку еден вид дискриминација се нашле 38% од испитаниците/чките во **2009** година, 31% во **2013**, 40% во **2018** години и 38% во **2023** година.[14] Дека не биле сведоци изјавиле 60% во **2009** и во **2018**, 69% во **2013** и 59% во **2023** (види: Графикон број 9).

Графикон бр. 9: Дали во изминатите 12 месеци сте биле сведок кога некој бил дискриминиран или вознемируван по една или повеќе од следниве основи?




Во сите истражувања низ годините политичката припадност е најчест вид дискриминација, и во ситуациите кога испитаниците/чките се лично дискриминирани (**2009** – 18%; **2013** – 13%; **2018** – 18%%; **2023** – 11%) и кога се јавуваат како сведоци на дискриминација (**2009** – 25%; **2013** – 18%; **2018** – 22%%; **2023** – 15%). Но во 2023 година има статистички значајно намалување, и во ситуација на лична дискриминација и во ситуација како сведок на

[14] Генерирана е нова варијабла која на ова прашање со можност за повеќе одговори ги брои одговорите на испитаниците/чките. Секој испитаник/чка набројува една, две, три или повеќе видови дискриминација, а резултатот е збир на сите оние кои наброиле една или повеќе од една дискриминација.

дискриминација од 7 п.п. Благо намалување има и во двата случаја на дискриминација врз основа на етничка припадност, што ја изедначува и ја прави на прво место, заедно со политичката дискриминација. Податоците покажуваат дека во поголем број случаи испитаниците/чките се наоѓале во ситуација да бидат сведоци одошто да бидат лично дискриминирани по оваа основа. Најмал број случаи биле лично дискриминирани врз основа на сексуална ориентација (**2009** – 1%; **2013** – 0.4%; **2018** – 3%; **2023** – 2%) и, исто така, во најмал број испитаниците/чките се нашле во ситуација да бидат сведоци на овој вид дискриминација (**2009** – 3%; **2013** – 7%; **2018** – 3%; **2023** – 3%).

Лично доживеале дискриминација врз основа на политичка припадност повеќе:

- Мажите отколку жените,
- Етничките Албанци/ки отколку етничките Македонци/ки и.

Најчеста основа на лично доживеана дискриминација во државата е на политичка припадност, која бележи надолен тренд во последното истражување. Иако е со тренд на намалување, сè уште мажите се почесто изложени на дискриминација врз основа на политичка припадност отколку жените. Во однос на етничката припадност на испитаниците/чките, во 2009 година двојно повеќе се застапени како жртви етничките Албанци/ки (30%) во однос на етничките Македонци/ки (14%). Во 2023 година кај етничките Албанци/ки стрмоглаво се намалува ваквиот вид дискриминација за 14 п.п., што за прв пат во истражувањето етничките Македонци/ки се почесто жртви на дискриминација по оваа основа отколку етничките Албанци/ки (види: Табела број 22).

Табела бр. 22

Оние кои лично доживеале дискриминација врз основа на политичка припадност:

| Пол: | Маж | Жена |
|---|---|---|
| 2009 | 21% | 15% |
| 2018 | 20% | 15% |
| 2023 | 13% | 9% |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | Албанец/ка |
| 2009 | 14% | 30% |
| 2018 | 18% | 22% |
| 2023 | 12% | 8% |

Во просек околу 79% од општата популација сметаат дека овој вид дискриминација е чест, за разлика од 20% во просек кои сметаат дека е редок. Од оние кои изјавиле дека биле дискриминирани на оваа основа 88% сметаат дека е чест, а 12% сметаат дека е редок. Податоците покажуваат дека околу еден/а од седум граѓани/ки изјавиле дека биле дискриминирани на политичка основа. Дискриминацијата врз основа на политичка припадност е особено важна затоа што таа на различни начини е поврзана со создавањето услови за еднакви можности за вработување и еднакви шанси за градење професионална кариера заснована на заслуги, способности, квалификации и знаења.

Според личното искуство за дискриминираност, етничката припадност на испитаниците/чките е рангирана како втора во претходните три истражувања (**2009** – 13%; **2013** – 10%; **2018** – 14%; **2023** – 11%), но во последното истражување е на исто ниво со дискриминацијата во однос на политичката припадност. Додека овој вид дискриминација во сите четири истражувања е рангиран како втор во ситуациите кога испитаниците/чките биле сведоци

на дискриминацијата (**2009** – 15%; **2013** – 13%; **2018** – 16%; **2023** – 12%).

Лично доживеале дискриминација врз основа на етничка припадност повеќе:

- Мажите отколку жените;
- Етничките Албанци/ки отколку етничките Македонци/ки и
- Муслиманите/ките отколку христијаните/ките.

Во споредба со етничките Македонци/ки (5%), во 2009 година етничките Албанци/ки (34%) значително почесто изјавуваат дека се лично дискриминирани врз основа на етничка припадност. Ваквата перцепција и по четиринаесет години, и покрај тенденцијата на намалување на разликите меѓу нив, е значително почеста меѓу етничките Албанци/ки (23%) во однос на етничките Македонци/ки (5%). Во нашата држава во тесна корелација се етничката и религиската припадност. Тоа го потврдуваат и податоците, коишто покажуваат дека одговорите на испитаниците/чките според нивната религиска припадност се во многу блиска пропорција со одговорите според нивната етничка припадност. Полот на испитаниците/чките, исто така, придонесува за различни лични искуства со дискриминацијата. Според изјавите на испитаниците/чките, кај мажите во однос на жените постои поизразена тенденција да изјавуваат дека биле дискриминирани врз основа на етничка припадност[15] (види: Табела број 23).

Табела бр. 23

Оние кои лично доживеале дискриминација на основа на етничка припадност:

| Пол: | Маж | Жена |
|---|---|---|
| 2009 | 15% | 11% |
| 2018 | 17% | 12% |
| 2023 | 13% | 8% |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | Албанец/ка |
| 2009 | 5% | 34% |
| 2018 | 7% | 28% |
| 2023 | 5% | 23% |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | Муслиман/ка |
| 2009 | 4% | 32% |
| 2018 | 7% | 27% |
| 2023 | 5% | 22% |

Рангирана како трета според личното искуство е дискриминацијата врз основа на возраст (**2009** – 9%; **2013** – 5%; **2018** – 12%; **2023** – 9%), којашто е рангирана како трета и во ситуациите кога испитаниците/чките биле сведоци на дискриминацијата (**2009** – 9%; **2013** – 10%; **2018** – 9%; **2023** – 9%).

Лично доживеале дискриминација врз основа на возраст повеќе:

- Испитаниците на возраст над 65+ години и
- Пензионерите.

Последното истражување од 2023 година открива големи дијаметрални промени во дистрибуцијата на лично доживеаната дискриминација по основа на возраст. За прв пат многу почесто повозрасните испитаници/чки над 65 години и пензионерите се жртви на овој вид дискриминација, кој е речиси двапати зголемен во последните пет години, а повеќе од двојно е намален кај најмладата популација од 15 до 24 години и за 20 пати помеѓу учениците и студентите (што ја прави речиси и непостојна) (види: Табела број 24).

[15] Во однос на проценката дали дошло или не до некоја промена треба да се има предвид дека анализираме сегменти од крос-табулациите, кои се со релативно мал број на испитаници/чки во секој од нив, заради што треба на истите да се гледа како индикации кои со одредено ниво на веројатност рефлектираат одредени тенденции во одговорите на испитаниците/чките.

Табела бр. 24

Оние кои лично доживеале дискриминација врз основа на возраст:

| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 8% | 6% | 10% | 12% | 11% | 6% |
| 2018 | 18% | 12% | 13% | 12% | 10% | 8% |
| 2023 | 7% | 6% | 6% | 7% | 10% | 15% |

| Работен статус: | Вработен/а | Невработен/а | Домаќин/ка | Студент/ка и ученик/чка | Пензионер/ка |
|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 10% | 9% | 5% | 11% | 8% |
| 2018 | 12% | 12% | 10% | 21% | 8% |
| 2023 | 7% | 9% | 11% | 1% | 15% |

Лично доживеале дискриминација врз основа на религија или уверување повеќе:

- Етничките Албанци/ки отколку етничките Македонци/ки и
- Муслиманите/ките отколку христијаните/ките.

Поради релативно малиот број испитаници/чки кои одговориле потврдно за следните основи на дискриминација, треба да се има предвид дека анализираме сегменти од крос-табулациите, па на секој од нив треба да се гледа само како индикации кои рефлектираат одредени тенденции во општеството (види: Табела број 25).

Табела бр. 25

Оние кои лично доживеале дискриминација врз основа на религија или уверување:

| Пол: | Маж | Жена |
|---|---|---|
| 2009 | 7% | 5% |
| 2018 | 9% | 5% |
| 2023 | 7% | 6% |

| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 8% | 8% | 7% | 5% | 4% | 3% |
| 2018 | 10% | 12% | 6% | 6% | 5% | 2% |
| 2023 | 5% | 8% | 8% | 5% | 6% | 5% |

| Етничка припадност: | Македонец/ка | Албанец/ка |
|---|---|---|
| 2009 | 2% | 17% |
| 2018 | 3% | 18% |
| 2023 | 4% | 10% |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | Муслиман/ка |
| 2009 | 2% | 16% |
| 2018 | 3% | 14% |
| 2023 | 4% | 12% |
| Место на живеење: | Урбано | Рурално |
| 2009 | 5% | 7% |
| 2018 | 6% | 9% |
| 2023 | 7% | 6% |

Лично доживеале дискриминација врз основа на пол повеќе:

- Жените отколку мажите;
- Испитаниците/чките на возраст од 15 до 34 години и
- Етничките Албанци/ки отколку етничките Македонци/ки.

Табела бр. 26

Оние кои лично доживеале дискриминација врз основа на полот:

| Пол: | Маж | | | Жена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 5% | | | 8% | | |
| 2018 | 5% | | | 8% | | |
| 2023 | 6% | | | 8% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2009 | 8% | 8% | 8% | 7% | 5% | 3% |
| 2018 | 9% | 9% | 8% | 5% | 4% | 2% |
| 2023 | 11% | 14% | 9% | 5% | 6% | 2% |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 4% | | | 14% | | |
| 2018 | 5% | | | 10% | | |
| 2023 | 3% | | | 19% | | |

Лично доживеале дискриминација врз основа на попреченост повеќе:

- Мажите отколку жените и
- Испитаниците/чките на возраст над 65 години отколку оние на возраст од 15 до 24.

Табела бр. 27

Оние кои лично доживеале дискриминација врз основа на попреченост:

| Пол: | Маж | | | Жена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 3% | | | 2% | | |
| 2018 | 3% | | | 3% | | |
| 2023 | 4% | | | 2% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2009 | 3% | 3% | 2% | 2% | 4% | 3% |
| 2018 | 4% | 3% | 4% | 4% | 2% | 2% |
| 2023 | 1% | 2% | 4% | 3% | 2% | 5% |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 2% | | | 7% | | |
| 2018 | 2% | | | 6% | | |
| 2023 | 3% | | | 3% | | |

На дното на ранг-листата според личното искуство на дискриминираност е сексуалната ориентација (**2009** – 1%; **2013** – 0.4%; **2018** – 3%; **2023** – 3%), којашто е рангирана речиси идентично и во ситуациите кога испитаниците/чките се јавиле и како сведоци на дискриминација (**2009** – 3%; **2013** – 7%; **2018** – 3%; **2023** – 2%).

Лично доживеаната дискриминација врз основа на сексуална ориентација не покажува

значителни разлики во социодемографските карактеристики на испитаниците.

Анализата на социодемографските карактеристики на испитаниците/чките кои се соочиле со дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација е ограничена затоа што е присутна кај мал број испитаници/чки кои ги потврдиле своите лични искуства, што може да е индикација дека граѓаните со различна сексуална ориентација избегнуваат да зборуваат за своите проблеми и во ситуација на анонимно анкетирање. Следењето на нејзината превалентност е од важно значење, меѓу другото, бидејќи е тесно поврзана со формирањето на личноста и, како таква, во кратки временски периоди големината на оваа заедница не може да се зголемува или да се намалува драстично. Оттука може да се каже дека скромниот број на оние кои зборуваат за своите проблеми е резултат на постепеното менување на општествената клима, која овозможува оваа, во принцип изолирана и сегрегирана заедница на граѓани, поотворено да зборува за своите искуства со дискриминацијата. Резултатите од истражувањето во 2023 година покажуваат дека оние кои биле дискриминирани врз основа на сексуалната ориентација во изедначен број се среќаваат и кај мажите и кај жените. Во слични пропорции, лично искуство со дискриминација на оваа основа имале и испитаниците/чките од различните возрасни групи и степени на завршено образование (види: Табела број 28).

Табела бр. 28

Оние кои лично доживеале дискриминација врз основа на сексуална ориентација:

| Пол: | Маж | | | Жена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 1% | | | 1% | | |
| 2018 | 3% | | | 2% | | |
| 2023 | 2% | | | 2% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2009 | 2% | 1% | 0% | 1% | 1% | 0% |
| 2018 | 3% | 4% | 3% | 4% | 1% | 0% |
| 2023 | 1% | 3% | 2% | 2% | 1% | 2% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2009 | 1% | | 1% | | 1% | |
| 2018 | 1% | | 2% | | 4% | |
| 2023 | 1% | | 2% | | 2% | |

Со дополнителна обработка на податоците се покажа дека во голем број случаи личното искуство на изложеност на дискриминација е поврзано со ситуацијата во која испитаниците/чките се нашле како сведоци, без оглед за кој вид дискриминација се работи. Резултатите од истражувањето покажуваат дека само како дискриминирани, но не и како сведоци се нашле 9% во **2009** година, 9% во **2018** година и 7% во **2023** година. А само како сведоци на дискриминација се нашле во **2009** – 13%, во **2018** – 13% и во **2023** – 11%.[16] Секој четврти испитаник изјавил дека се нашол во ситуации и кога лично бил дискриминиран и кога бил сведок на дискриминација (**2009** – 24%, **2018** – 27%, **2023** – 27%). Мнозинството испитаници (52% и во **2009**, **2018** и **2023)** изјавиле дека

[16] За добивање на овие податоци најпрво се генерира варијабла, која опишува дека бил/не бил дискриминиран по која било основа, па потоа друга варијабла бил/не бил сведок. Потоа третата варијабла ги обединува сите комбинации од претходните две варијабли и тоа: бил само дискриминиран, но не и сведок; бил само сведок, но не и дискриминиран; бил и дискриминиран и сведок; и не бил ниту дискриминиран ниту сведок на дискриминација.

ниту биле дискриминирани ниту биле сведоци на дискриминација.

Лично доживеале и биле сведоци на дискриминација повеќе:

- Етничките Албанци/ки отколку етничките Македонци/ки и
- Муслиманите/ките отколку христијаните/ките.

Анализата понатаму покажува дека етничките Албанци/ки и припадниците/чките на муслиманската религија значително почесто отколку етничките Македонци/ки и припадниците/чките на христијанската религија изјавиле дека се наоѓале во двојна ситуација: да бидат и дискриминирани и сведоци. Овој сооднос фактички во периодот опфатен со истражувањата не се променил, но во последниот бран од истражувањето има големо зголемување кај етничките Албанци/ки и кај припадниците/чките на муслиманската религија. Образованието во последното истражување не се покажува како фактор којшто ги диференцира ваквите искуства меѓу испитаниците/чките (види: Табела број 29).

Табела бр. 29

Оние кои лично доживеале и биле сведок на дискриминација:

| Образование: | Основно | Средно | Повисоко |
|---|---|---|---|
| 2009 | 22% | 24% | 26% |
| 2018 | 21% | 27% | 32% |
| 2023 | 28% | 25% | 30% |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | Албанец/ка |
| 2009 | 17% | | 43% |
| 2018 | 21% | | 41% |
| 2023 | 18% | | 54% |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | Муслиман/ка |
| 2009 | 16% | | 40% |
| 2018 | 21% | | 37% |
| 2023 | 18% | | 45% |

## 3.3 Околности под кои се случила дискриминацијата

На оние испитаници/чки кои изјавиле дека биле дискриминирани по која било основа за првпат во истражувањето во 2023 година им е поставено прашањето под кои околности се случило тоа. Резултатите покажуваат дека испитаниците кои биле дискриминирани во последните 12 месеци најчесто биле дискриминирани во јавниот простор (27%), на второ, најчесто место, било додека барале работа или биле на работа (23%, 22%, соодветно). Секој петти испитаник/чка изјавил/а дека бил/а дискриминирана од здравствен персонал (21%), а еден/а од десет испитаници/чки ги наведуваат социјалните мрежи, продавниците, банките, персоналот на јавна служба и кафулиња, ресторани, барови и ноќни клубови, како места каде доживеале дискриминација (11%) (види: Графикон број 10).

Графикон бр. 10: Размислувајќи за последниот пат кога сте се почувствувале дискриминирани, под кои околности се случило тоа?




Најчесто место каде испитаниците/чките биле дискриминирани по основа на етничка припадност:

- Кога барале работа;
- Во јавен простор;
- Од страна на здравствен персонал.

Најчесто место каде испитаниците/чките биле дискриминирани по основа на пол:

- Кога барале работа;
- Во јавен простор;
- На работа.

Најчесто место каде испитаниците/чките биле дискриминирани по основа на сексуална ориентација:

- Од страна на здравствен персонал;
- Од училишен или универзитетски персонал;
- Од страна на персоналот за социјална служба.

Најчесто место каде испитаниците/чките биле дискриминирани по основа на возраст, религија или уверување:

- Од страна на здравствен персонал;
- Во јавен простор;
- Кога барале работа.

Најчесто место каде испитаниците/чките биле дискриминирани по основа на попреченост:

- Во јавен простор;
- Од страна на здравствен персонал;
- На социјалните мрежи.

Најчесто место каде испитаниците/чките биле дискриминирани по основа на партиска припадност:

- На работа;
- Кога барале работа;
- Во јавен простор.

Испитаниците/чките кои биле дискриминирани во последните 12 месеци во јавен простор најчесто се:

- Испитаниците/чките на возраст над 65 години и меѓу 35 и 44 години;
- Оние со завршено основно и средно образование отколку оние со повисоко образование;

- Етнички Македонци/ки отколку етнички Албанци/ки и
- Христијани/ки отколку муслимани/ки.

Истражувањето од 2023 година покажува дека етничките Македонци/ки и испитаниците/чките со завршено основно и средно образование многу почесто се дискриминирани во јавниот простор за разлика од етничките Албанци/ки и од оние со завршено повисоко образование (види: Табела број 30).

Табела бр. 30

Испитаниците/чките кои биле дискриминирани во последните 12 месеци во јавен простор:

| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2023 | 15% | 13% | 20% | 13% | 15% | 24% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2023 | 40% | | 39% | | 22% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2023 | 52% | | | 38% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2023 | 55% | | | 45% | | |

Испитаниците/чките кои биле дискриминирани во последните 12 месеци додека барале работа најчесто се:

- На возраст од 25 до 34 години;
- Имаат завршено средно образование и
- Етнички Македонци/ки за разлика од етнички Албанци/ки.

Истражувањето од 2023 покажува дека испитаниците/чките со завршено средно образование речиси двојно повеќе се дискриминирани додека бараат работа отколку оние со завршено основно или повисоко образование. Исто така речиси двојно или тројно е почеста појавата кај возрасната група од 25 до 34 години споредено со останатите возрасни групи (види: Табела број 31).

Табела бр. 31

Испитаниците/чките кои биле дискриминирани во последните 12 месеци додека барале работа:

| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2023 | 10% | 35% | 19% | 14% | 9% | 12% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2023 | 26% | | 47% | | 27% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2023 | 47% | | | 39% | | |

Испитаниците/чките кои биле дискриминирани во последните 12 месеци на работно место најчесто се:

- На возраст од 25 до 34 години;
- Имаат завршено средно образование;
- Етнички Македонци/ки отколку етнички Албанци/ки и
- Христијани/ки отколку муслимани/ки.

Истражувањето од 2023 покажува дека испитаниците/чките со завршено средно образование во многу поголем број се дискриминирани додека бараат работа отколку оние со завршено основно или повисоко образование (види: Табела број 32).

Табела бр. 32

Испитаниците/чките кои биле дискриминирани во последните 12 месеци на работно место:

| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2023 | 11% | 27% | 21% | 20% | 13% | 9% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2023 | 27% | | 51% | | 22% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2023 | 52% | | | 42% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2023 | 56% | | | 44% | | |

Испитаниците/чките кои биле дискриминирани во последните 12 месеци од страна на здравствениот персонал најчесто се:

- На возраст над 65 години;
- Имаат завршено средно образование;
- Етнички Македонци/ки отколку етнички Албанци/ки и
- Христијани/ки отколку муслимани/ки.

Повозрасната популација на возраст над 65+ е повеќе изложена на дискриминација од страна на здравствениот персонал во споредба со другите возрасни групи. Големи разлики се воочливи и кај испитаниците/чките со средно образование отколку кај оние со завршено основно или повисоко образование. Три од пет испитаника кои биле дискриминирани од страна на здравствен персонал се етнички Македонци/ки и христијани/ки, што е многу почеста појава отколку кај етничките Албанци/ки и кај муслиманите/ките (види: Табела број 33).

Табела бр. 33

Испитаниците/чките кои биле дискриминирани во последните 12 месеци од страна на здравствениот персонал:

| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2023 | 8% | 13% | 20% | 12% | 17% | 30% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2023 | 37% | | 48% | | 15% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2023 | 58% | | | 28% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2023 | 60% | | | 39% | | |

# 4. Искуства и перцепција со повеќекратна дискриминација

## 4.1 Лични искуства со повеќекратна дискриминација

Резултатите од истражувањата покажуваат дека мнозинството граѓани/ки не биле дискриминирани по ниедна основа (**2009** – 65%; **2013** – 78%; **2018** – 64%%; **2023** – 66%). Од прилика на еден граѓанин кој бил жртва на некаков вид дискриминација во просек доаѓаат двајца граѓани кои не биле дискриминирани. Најголем број од оние кои биле дискриминирани изјавуваат дека биле дискриминирани врз една основа (**2009** – 17%; **2013** – 12%; **2018** – 19%%; **2023** – 25%). Низ годините се зголемува бројот на граѓани/ки кои изјавуваат дека биле дискриминирани по една основа, а се намалува на оние кои се дискриминирани по повеќе основи (види: Графикон број 11)[17].

Графикон бр. 11: Лични искуства со повеќекратна дискриминација




[17] Овие проценти се добиваат со збир на одговори на колку основи некој бил лично дискриминиран.

Личното искуство со повеќекратна дискриминација повеќе е застапено кај:

- Испитаниците/чките кои се невработени или се со скратено работно време;
- Испитаниците/чките на возраст од 25 до 34 години и
- Етничките Албанци/ки отколку кај етничките Македонци/ки.

Во 2023 година се забележува намалување на личното искуство со повеќекратната дискриминација и паралелно зголемување на еднократната дискриминација, поради тоа има и големи варијации кај различните социодемографски карактеристики на популацијата. Анализата на податоците покажува дека личните искуства со повеќекратната дискриминација се детерминирани од повеќе фактори, врз основа на кои може да се направи профил на лицата кои лично се соочиле со ваков вид дискриминација. Со извесна правилност може да се каже дека карактеристиките на лицето кое почесто смета дека е изложено на ситуации кои ги доживува и ги вреднува како повеќекратно дискриминирачки е на возраст од 25 до 34 години, невработен/а или вработен/а со скратено работно време и по етничка припадност Албанец/ка (види: Табела број 34).

Табела бр. 34

Лично искуство со повеќекратна дискриминација

| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 20% | 19% | 18% | 19% | 13% | 8% |
| 2018 | 24% | 23% | 20% | 14% | 9% | 7% |
| 2023 | 3% | 15% | 11% | 8% | 9% | 9% |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 8% | | | 43% | | |
| 2018 | 12% | | | 29% | | |
| 2023 | 7% | | | 13% | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2009 | 14% | | | 21% | | |
| 2018 | 14% | | | 19% | | |
| 2023 | 10% | | | 10% | | |
| Работен статус: | Вработен/а со полно работно време | Вработен/а со скратено работно време | Невработен/а | Домаќин/ка | Студент/ка ученик/чка | Пензионер/ка |
| 2009 | 15% | 42% | 16% | 20% | 23% | 10% |
| 2018 | 18% | 30% | 19% | 18% | 21% | 6% |
| 2023 | 8% | 15% | 20% | 12% | 0% | 9% |

## 4.2 Искуства при повеќекратна дискриминација на други лица

Мнозинството граѓани (62%/60%) во периодот на истражувањата (**2009 –2023** година) не биле сведоци на дискриминација. Бројот на оние кои изјавиле дека биле сведоци на еден вид дискриминација речиси и да останал ист (**2009** – 18%; **2018** – 23%; **2023** – 24%). Од друга страна, бројот на испитаниците/чките кои изјавиле дека биле сведоци на два и повеќе вида дискриминација е со тенденција на опаѓање (**2009** – 20%, **2018** – 17%; **2023** – 14%) (види: Графикон број 12).

Графикон бр. 12: Искуства како сведок на повеќекратна дискриминација




Сведочењето на повеќекратна дискриминација повеќе е застапено кај:

- Испитаниците/чките со завршено основно и повисоко образование отколку кај оние со завршено средно образование и
- Етничките Албанци/ки отколку кај етничките Македонци/ки.

Во последното истражување возраста на испитаниците/чките не влијае на искуството со повеќекратна дискриминација кога истите се јавуваат во позиција на сведоци на дискриминација. Во истражувањето од 2023 година се забележува дека има намалување кај најмладата популација и кај оние на возраст од 35 до 44 години, кои изјавуваат дека биле сведоци на најмалку два вида дискриминација. Таква слична тенденција е забележана и според образованието - намалување кај оние со завршено повисоко образование, а зголемување кај оние со завршено основно образование. Според етничката припадност, етничките Албанци/ки во многу поголем број изјавуваат дека биле сведоци на повеќекратна дискриминација во однос на етничките Македонци/ки (види: Табела број 35).

Табела бр. 35

| Сведок на повеќекратна дискриминација | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Возрасни групи:** | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2009 | 26% | 22% | 21% | 22% | 15% | 9% |
| 2018 | 25% | 19% | 23% | 15% | 11% | 5% |
| 2023 | 13% | 16% | 15% | 15% | 11% | 12% |
| **Образование:** | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2009 | 19% | | 20% | | 25% | |
| 2018 | 9% | | 18% | | 21% | |
| 2023 | 17% | | 11% | | 15% | |
| **Етничка припадност:** | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 13% | | | 38% | | |
| 2018 | 15% | | | 22% | | |
| 2023 | 11% | | | 20% | | |

## 4.3 Перцепција на повеќекратна дискриминација

Резултатите за перцепцијата на повеќекратната дискриминација[18] покажуваат дека постојат благи промени во последните пет години. Во 2018 година 43% од испитаници/чки сметале дека повеќекратната дискриминација е честа[19], додека во 2023 година овој став има благо зголемување (49%) (види: Графикон број 13).

Графикон бр. 13: Дали според вас повеќекратната дискриминација е многу честа, прилично честа, прилично ретка, многу ретка или не постои во нашата земја?




[18] Прашањето за перцепцијата на повеќекратната дискриминација не е поставено во истражувањето од 2013 година.
[19] Одговорите „многу честа“ и „прилично честа“ се агрегирани во категоријата „честа“; одговорите „многу ретка“ и „прилично ретка“ се агрегирани во категоријата „ретка“.

Промените во перцепцијата на повеќекратната дискриминација се во значајна корелација со искуството од дискриминацијата. Резултатите покажуваат дека најголемо зголемување на перцепцијата дека повеќекратната дискриминација е честа во последните пет години е евидентирана кај оние испитаници/чки кои биле само дискриминирани (**2009** – 58%; **2018** – 47%; **2023** – 58%), а по нив меѓу оние испитаници/чки кои не биле ниту дискриминирани ниту сведоци на дискриминација (**2009** – 43%; **2018** – 27%; **2023** – 39%). Најзастапени одговори дека повеќекратна дискриминација е честа (во сите три истражувања) даваат испитаниците/чките кои биле и сведоци и жртви на дискриминација (**2009** – 68%; **2018** – 66%; **2023** – 63%). Овој податок укажува дека двојната позиција - да бидат и сведоци и жртви на дискриминацијата силно го поткрепува впечатокот дека дискриминација не само што е присутна, туку дека често се јавува и во форма на повеќекратна дискриминација.

# 5. Ставови кон еднаквите можности при вработување

## 5.1 Став кон еднакви можности при вработување

Кај испитаниците/чките „политичката припадност“ останува главниот дискриминирачки фактор за нееднакво постапување кон кандидатите/ките со исти квалификации при процесот на вработување (**2009** – 67%; **2018** – 65%; **2023** – 55%), кој е со тренд на намалување. Факторот „возраст“(**2009** – 40%; **2018** – 30%; **2023** – 28%) е вториот клучен фактор за испитаниците/чките. Веднаш зад него е „етничката припадност“ како трет, најчесто споменуван фактор, што го става едниот од кандидатите во понеповолна положба (**2009** – 28%; **2018** – 27%; **2023** – 19%). Од друга страна, пак, фактори кои за испитаниците/чките имаат најмало влијание при процесот на избор за вработување се адресата на живеење (**2009** – 5%; **2018** – 4%; **2023** – 6%) и пушачките навики на кандидатот (**2009** – 6%; **2018** – 3%,; **2023** – 5%) (види: Графикон број 14).

Графикон бр. 14: Кога една фирма во нашата држава сака да вработи некого и може да избира меѓу двајца кандидати/ки со еднакви вештини и квалификации, кој од наведените критериуми го/ја става едниот/та од кандидатите/ките во понеповолна положба?



Политичката припадност како фактор за дискриминација при вработувањето повеќе го сметаат:

- Испитаниците/чките на возраст од 45 до 54 години и оние над 65 години;
- Етничките Македонци/ки отколку етничките Албанци/ки и
- Пензионерите/ките и вработените отколку невработените.

Поделбата на ставовите е највпечатлива кај различните етнички заедници. Етничките Македонци/ки речиси во двојно поголем број ја гледаат политичката припадност како основа за дискриминација за разлика од етничките Албанци/ки (види: Табела број 36).

Табела бр. 36

Политичката припадност како дискриминирачки фактор за вработување

| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 63% | 70% | 73% | 69% | 72% | 55% |
| 2018 | 60% | 63% | 66% | 64% | 65% | 70% |
| 2023 | 51% | 47% | 53% | 62% | 57% | 60% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2009 | 62% | | 70% | | 71% | |
| 2018 | 58% | | 66% | | 68% | |
| 2023 | 54% | | 57% | | 54% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 69% | | | 62% | | |
| 2018 | 73% | | | 45% | | |
| 2023 | 60% | | | 35% | | |
| Работен статус: | Вработен/а | Невработен/а | Студент/ка и ученик/чка | Пензионер/ка | | |
| 2009 | 72% | 67% | 60% | 64% | | |
| 2018 | 65% | 65% | 53% | 70% | | |
| 2023 | 56% | 47% | 54% | 60% | | |

Возраста како фактор за дискриминација при вработувањето повеќе ја сметаат:

- Испитаниците/чките на возраст од 45 до 54 години и
- Испитаниците/чките со завршено основно и средно образование.

Испитаници/чките на возраст од 45 до 54 години почесто мислат дека возраста на кандидатот/ката претставува дискриминирачки фактор при вработувањето, како и оние со завршено основно и средно образование отколку оние со завршено повисоко образование (види: Табела број 37).

Табела бр. 37

Возраста како дискриминирачки фактор за вработување

| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 34% | 38% | 45% | 47% | 42% | 37% |
| 2018 | 24% | 23% | 34% | 34% | 34% | 29% |
| 2023 | 30% | 25% | 24% | 33% | 25% | 31% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2009 | 35% | | 42% | | 49% | |
| 2018 | 27% | | 32% | | 27% | |
| 2023 | 30% | | 28% | | 24% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 44% | | | 30% | | |
| 2018 | 33% | | | 23% | | |
| 2023 | 28% | | | 26% | | |

Етничката припадност на кандидатот/ката како фактор за дискриминација при вработувањето повеќе го сметаат:

- Испитаниците/чките на возраст од 25 до 34 години и од 45 до 54 години;
- Етничките Албанци/ки отколку етничките Македонци/ки и
- Невработените испитаници/чки.

Во 2023 година има варијации во перцепција-та на етничката припадност како клучен фактор за нееднаков третман при вработување-то кај возраста на испитаниците/чките. Во претходните два брана, од 2009 и 2018, таа се намалувала со возраста на испитаниците/чките. Додека во 2023 е позачестена кај оние на возраст од 25 до 34 години и од 45 до 54 години. Иако постои тренд на опаѓање кај двете најголеми етнички заедници во државата во перцепцијата на улогата на етничката припадност при изборот за вработување, сепак околу ова прашање јазот меѓу нив сè уште е голем. Етничките Албанци/ки во двојно поголем број ја гледаат етничка припадност како основа за дискриминација отколку етничките Македонци/ки (види: Табела број 38).

Табела бр. 38

| Етничката припадност на кандидатот/ката како фактор за дискриминација при вработување | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2009 | 33% | 32% | 25% | 29% | 19% | 17% |
| 2018 | 36% | 35% | 32% | 25% | 24% | 16% |
| 2023 | 24% | 29% | 24% | 30% | 24% | 13% |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2009 | 18% | | | 47% | | |
| 2018 | 22% | | | 37% | | |
| 2023 | 16% | | | 34% | | |
| Работен статус: | Вработен/а | Невработен/а | Студент/ка и ученик/чка | Пензионер/ка | | |
| 2009 | 25% | 29% | 35% | 20% | | |
| 2018 | 31% | 33% | 29% | 16% | | |
| 2023 | 25% | 30% | 21% | 14% | | |

## 5.2 Поддршка за мерките кои обезбедуваат еднакви можности при вработување

Во сите три истражувања во периодот од 2009 до 2018 година на испитаниците/чките им е поставена една група на прашања, кои се однесуваат на нивната подготвеност да поддржат мерки и активности кои се насочени кон обезбедување еднакви можности при вработување. Воведувањето на специфични мерки се однесува на специјални програми за обука или квоти за помалку застапените групи врз основа на пол, етничка припадност, политичка припадност, возраст, религија и уверување, попреченост или сексуална ориентација (афирмативни акции).

Резултатите од истражувањата покажуваат дека доминира подготвеноста да се поддржат таквите мерки наспрема спротивставувањето за воведување на овие мерки[20] (види: Графикон број 15). Исклучок се само мерките насочени кон лицата со различна сексуална ориентација, каде мнозинството испитаници/чки се спротивставува на воведување афирмативни мерки насочени кон поголема застапеност на оваа група.[21] Податоците во текстот се агрегирани за полесна анализа.

[20] Одговорите „се согласувам“ претставуваат агрегација на одговорите „сосема се согласувам“ и „делумно се согласувам“, а одговорите „против сум“ се агрегација на одговорите „сосема сум против“ и „делумно сум против“.

[21] Во телефонската анкета спроведена во 2013 година без исклучок доминира подготвеноста за прифаќање за воведување специфични мерки (афирмативни акции) за сите категории, вклучувајќи и за лицата со различна сексуална ориентација засновани на нивната сексуална ориентација.

Графикон бр. 15: Дали би се согласиле или би биле против воведувањето специфични мерки за обезбедување еднакви можности за вработување на сите лица?




Во 2023 година гледаме благо намалување во поддршката за сите категории на мерки следени од истражувањето. Најголем број од испитаниците/чките поддржуваат воведување специфични мерки против дискриминација на работно место врз основа на попреченост (68%) и врз основа на возраст (66%). Веднаш по нив следуваат мерките против дискриминација врз основа на пол (63%), па на етничка и религиска припадност (59%). Кај политичка припадност (51%) гледаме најголемо опаѓање во поддршката од 7 п.п. Поддршката за лицата според нивната сексуална ориентација е постојано најмала во однос на сите останати и е во континуиран пад низ годините (**2009** – 40%; **2018** – 41%; **2023** – 34%).

Работниот статус на испитаниците/чките е една од најрелевантните социодемографски карактеристики кога се работи за

подготвеноста за поддршка на воведување специфични мерки за создавање еднакви можности за сите лица. Податоците покажуваат дека подготвеноста за поддршка на такви мерки е многу променлива кај лицата со различен статус на вработување. Во последните пет години од 2018 до 2023 година се забележува голем негативен тренд меѓу студентите/ките и меѓу учениците/чките, кај кои во голема мера се намалила подготвеноста за поддршка на шест од седум испитувани основи. Овие промени се однесуваат за намалената поддршка за основите: етничка припадност (**2009** – 59%; **2018** – 73%; **2023** – 59%), пол (**2009** – 62%; **2018** – 74%; **2023** – 59%), возраст (**2009** – 61%; **2018** – 76%; **2023** – 68%), религија и уверување (**2009** – 55%; **2018** – 77%; **2023** – 51%), сексуална ориентација (**2009** – 41%; **2018** – 53%; **2023** – 36%) и политичка припадност (**2009** – 41%; **2018** – 53%; **2023** – 47%). Позитивна промена кај оваа категорија испитаници/чки има само во поддршката на основа на попреченост (**2009** – 63%; **2018** – 62%; **2023** – 74%).

Дополнително, единствено позитивни промени се забележуваат меѓу невработените лица. Овие промени се однесуваат на четири од седум основи, и тоа за: лицата според религиската и половата припадност, лицата со попреченост и хомосексуалците.

Клучен наод од истражувањата претставува и фактот дека според професијата на испитаниците/чките единствено кај директорите/ките и менаџерите/ките нивото на поддршка за воведување специфични мерки е зголемено во 2023 година во однос на 2018 година. Наодот е индикативен (иако се работи за статистички мала суб популација) затоа што за успешното спроведување на мерките нивниот придонес е од посебно значење. Кај нив зголемувањето е највисоко кога се работи за воведување еднакви мерки за лицата според нивната партиска припадност (**2009** – 51%; **2018** – 45%; **2023** – 65%), пол (**2009** – 73%; **2018** – 52%; **2023** – 65%), етничката припадност (**2009** – 67%; **2018** – 59%; **2023** – 71%) и потоа за лицата со попреченост (**2009** – 79%; **2018** – 56%; **2023** – 70%).

## 5.3 Поддршка за мерките за надзор на работното место

Постои поддршка во јавноста за мерките чија цел е обезбедување еднакви можности за вработување на припадниците/чките на помалубројните етнички заедници. Имено, оваа поддршка е поголема во однос на спротивставувањето на овие мерки. Во истражувањето од 2023 година процентот на оние кои го поддржуваат следењето на процедурите за вработување е нешто повисок од процентот на оние кои даваат поддршка на евидентирањето на етничкиот состав на вработените (57% наспроти 51%). Но, и кај двете мерки последното истражување бележи големо намалување во нивната поддршка. Ова намалување се должи, пред сè, на промените во подготвеноста за поддршка на ваквите мерки кај двете најбројни етнички заедници во земјата (види: Графикон број 16).

Графикон бр. 16: Во која мера се согласувате или би биле против на работното место да се спроведуваат следните работи?




За првпат во истражувањето поддршката кај етничките Македонци/ки за евидентирањето на етничкиот состав на вработените е помала во однос на спротивставеноста кон мерката. И кај двете најголеми етнички заедници гледаме стрмоглаво намалување на поддршката, со пад од 13 п.п. кај етничките Албанци/ки (**2009** – 84%; **2018** – 78%; **2023** – 65%) и пад од 21 п.п. кај етничките Македонци/ки (**2009** – 55%; **2018** – 64%; **2023** – 43%). Во сите бранови на истражувањето етничките Албанци/ки покажуваат поголема подготвеност за поддршка отколку етничките Македонци/ки. Покрај овие квантитативни промени неопходно е да се нагласи и позитивниот тренд кај директорите/ките и менаџерите/ките, како специфична категорија испитаници/чки кои се во позиција значајно да влијаат на успешното спроведување на афирмативните мерки. Согласноста за евиденција на вработените кај директорите/ките и менаџерите/ките низ годините е голема (**2009** – 43%; **2018** – 68%; **2023** – 63%) и во 2023 е над просекот на истражувањето (51%) (види: Табела број 39).

Табела бр. 39

| Да се евидентира составот на вработените за да може да се следи и проценува колку се застапени припадниците/чките на помалку бројните етнички заедници | | Македонци/ки | Албанци/ки | Директори/ки и менаџери/ки |
|---|---|---|---|---|
| 2023: | Вкупно: | | | |
| Се согласува | 51% | 43% | 65% | 63% |
| Против е | 47% | 54% | 34% | 36% |
| 2018: | Вкупно: | | | |
| Се согласува | 69% | 64% | 78% | 68% |
| Против е | 25% | 30% | 15% | 29% |
| 2009: | Вкупно: | | | |
| Се согласува | 63% | 55% | 84% | 43% |
| Против е | 31% | 40% | 10% | 54% |

Следењето на процедурите кои имаат за цел да им обезбедат еднакви можности за вработување на лицата кои припаѓаат на помалку бројните етнички заедници е прифатен од големо мнозинство граѓани во сите истражувања (**2009** – 71%; **2018** – 72%; **2023** – 57%). И тука поголем број етнички Албанци/ки се согласуваат со донесување вакви мерки во однос на етничките Македонци/ки (**2009**: Мак. – 66%, Алб. – 83%; **2018**: Мак. – 69%, Алб. – 78%; **2023**: Мак. – 51%, Алб. – 68%). Поддршката кај директорите/ките и менаџерите/ките се зголемува низ годините (**2009** – 59%; **2018** – 62%; **2023** – 68%) (види: Табела број 40).

Табела бр. 40

| Се следат процедурите за вработување со цел на лицата кои припаѓаат на помалку бројните етнички заедници да им се обезбедат еднакви можности да бидат примени на работа како и на другите кандидати со слични вештини или квалификации | | Македонци/ки | Албанци/ки | Директори/ки и менаџери/ки |
|---|---|---|---|---|
| 2023: | Вкупно: | | | |
| Се согласува | 57% | 51% | 68% | 68% |
| Против е | 40% | 45% | 32% | 30% |
| 2018: | Вкупно: | | | |
| Се согласува | 73% | 69% | 78% | 62% |
| Против е | 22% | 25% | 16% | 30% |
| 2009: | Вкупно: | | | |
| Се согласува | 72% | 66% | 83% | 59% |
| Против е | 23% | 29% | 9% | 30% |

# 6. Борба против дискриминацијата

## 6.1 Оценка на напорите за борбата против дискриминација

Одговорите на прашањето дали се вложуваат доволно напори за борба против дискриминацијата во текот на времето покажуваат тренд на опаѓање на оценката (**2009** – 46%; **2013** – 34%; **2018** – 36%; **2023** – 24%) (види: Табела број 41).

Табела бр. 41

| Општо земено, дали би можеле да кажете дека во нашата земја се вложуваат доволно напори за борба против сите облици на дискриминација? | Година | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2013 | 2018 | 2023 |
| Се вложуваат | 46% | 34% | 36% | 24% |
| Не се вложуваат | 49% | 59% | 58% | 73% |

Во сите истражувања постои константна тенденција испитаниците/чките кои сметаат дека дискриминацијата е честа, без оглед за кој вид дискриминација се работи, во значително поголем број да оценуваат дека не се вложуваат доволно напори за борба против дискриминацијата во споредба со испитаниците/чките кои сметаат дека дискриминацијата е ретка. Во 2023 година постои нагласено негативна слика кога податоците се гледаат низ призмата на искуствата со дискриминацијата. Независно дали испитаниците/чките биле жртви или сведоци на дискриминација или не, огромно мнозинство од нив сметаат дека не се вложуваат доволно напори за борба против дискриминацијата.

# 7. Свесност за правата и барање заштита во случај на дискриминација

## 7.1 Свесност за правата во случај на дискриминација

Низ годините информираноста кај испитаниците/чките за своите права во случај тие да се жртви на дискриминација е во континуиран раст (**2009** – 40%; **2018** – 43%; **2023** – 47%)[22].

Сепак сѐ уште мнозинството испитаници/чки изјавуваат дека не ги знаат своите права во случаите кога се жртви на дискриминација (**2009** – 56%; **2018** – 52%; **2023** – 50%). Иако има извесно зголемување кај оние што изјавиле дека се свесни за своите права, сепак промената е мала и бавна (види: Графикон број 17).

Графикон бр. 17: Дали знаете кои се Вашите права во случај да сте жртва на дискриминација?




[22] Не може со сигурност да се знае дали разликата во податоците која се појавува од истражувањето во 2013 година се должи на промените што настанале кај населението, или, пак, поради променетата методологија која е користена за истражувањето (во 2013 година методот на анкетирање е по телефон, а во 2009, 2018 и 2023 година е „лице в лице" во домот на испитаникот). Поради оваа причина податоците од 2013 година за прашањата од оваа тема не се анализирани.

Свесноста за своите права во случај на дискриминација е повеќе изразена кај:

- Мажите отколку кај жените;
- Испитаниците/чките со завршено повисоко од средно образование;
- Етничките Македонци/ки и христијаните/ките отколку етничките Албанци/ки и муслиманите/ките.

Последното истражување бележи пораст на свесноста за правата во случај на дискриминација кај релевантните социодемографски групи кои се следат во студијата. Во согласност со перцепцијата на испитаниците/чките, мажите се поинформирани за своите права во случај тие да се жртви на дискриминација отколку жените. Информираноста се зголемува со образованието на испитаниците/чките. Голем пораст во свесноста за своите права се забележува кај етничките Албанци/ки (11 п.п.) и кај припадниците/чките од муслиманска вероисповед (9 п.п.), што, пак, во 2023 повторно како во 2009 ги прави овие две групи испитаници/чки во значително поголем број да изјавуваат дека се информирани за своите права отколку од етничките Македонци/ки и христијани/ки (кај кои пак не се забележува зголемување на информираноста за своите права) (види: Табела број 42).

Табела бр. 42

Познавањето на своите права во случај на дискриминација

| Пол: | Маж | | Жена |
|---|---|---|---|
| 2009 | 44% | | 37% |
| 2018 | 48% | | 38% |
| 2023 | 50% | | 43% |
| Образование: | Основно | Средно | Повисоко |
| 2009 | 33% | 41% | 58% |
| 2018 | 28% | 43% | 57% |
| 2023 | 36% | 47% | 65% |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | Албанец/ка |
| 2009 | 37% | | 50% |
| 2018 | 46% | | 38% |
| 2023 | 46% | | 49% |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | Муслиман/ка |
| 2009 | 38% | | 48% |
| 2018 | 45% | | 39% |
| 2023 | 46% | | 48% |

Важно е да се истакне колку испитаниците/чките кои изјавиле дека биле жртва на дискриминација (врз една или врз повеќе основи) во последните 12 месеци во релативно голем број рекле дека се свесни за своите права. Анализата покажува промени во позитивна насока во информираноста за своите права кај голем број жртви на дискриминација, и тоа по повеќе основи. Во последните пет години видливо е зголемена информираноста кај жртвите на дискриминација за своите права, по речиси сите основи. Најголем пораст на свесноста има кај жртвите кои се дискриминирани врз основа на религија и уверување (12 п.п.) и кај жртвите на дискриминација врз основа на партиска припадност (10 п.п.). Помал пораст се забележува кај дискриминираните врз основа на сексуална ориентација (4 п.п.), етничка припадност (3 п.п.) и попреченост (3 п.п.). Мало намалување е забележано во информираноста кај дискриминираните лица врз основа на пол (5 п.п) и возраст (4 п.п.) (види: Графикон број 18).

Графикон бр. 18: Оние кои изјавиле дека се жртва на дискриминација во последните 12 месеци (по една или повеќе основи) и кои изјавиле дека се свесни за правата




Но, доколку анализираме дали оние кои се почувствувале како жртва на дискриминација во последните 12 месеци се поинформирани или не од оние кои не се почувствувале дискриминирани, резултатите не се многу разубедувачки. Испитаниците/чките што изјавуваат дека биле дискриминирани не се во голема мера посвесни за своите права од оние кои изјавиле дека не се дискриминирани. Но континуирани позитивни промени се забележуваат кај оние кои изјавиле дека се дискриминирани врз една основа, како и кај оние кои изјавиле дека не се дискриминирани (кај нив гледаме зголемување за 4 п.п / 3 п.п., соодветно, во последните пет години) (види: Табела број 43).

Табела бр. 43

| Дали знаете кои се Вашите права во случај да сте жртва на дискриминација? | | Испитаници коишто лично биле дискриминирани во последните 12 месеци | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Не биле дискриминирани | По една основа | По повеќе основи |
| 2023: | | | | |
| Да | 47% | 46% | 51% | 41% |
| Не | 50% | 50% | 46% | 56% |
| 2018: | | | | |
| Да | 43% | 42% | 48% | 43% |
| Не | 52% | 53% | 48% | 50% |
| 2009: | | | | |
| Да | 40% | 40% | 37% | 47% |
| Не | 56% | 56% | 60% | 50% |

## 7.2 Подготвеност за обраќање до релевантните институции во случај на дискриминација

Мнозинството од испитаниците/чките (57%) и во двата брана од истражувањето, и во 2018 и во 2023 година, изјавиле дека би побарале заштита од релевантните институции доколку хипотетички се најдат во ситуација да бидат жртва на дискриминација или вознемирување. Една третина од нив (33%) изјавиле дека не би пријавиле (види: Графикон број 19).

Графикон бр. 19: Доколку сте жртва на дискриминација или вознемирување, дали ќе побарате заштита од релевантните институции, организации?




Подготвеноста на испитаниците/чките да се обратат до институциите и до организациите коишто се надлежни за заштита од дискриминација е многу поголема кај оние кои лично биле жртви на дискриминација по која било основа (76%) отколку кај оние кои изјавиле дека не биле дискриминирани во изминатите 12 месеци (40%). Но, една петина (20%) од оние кои лично биле дискриминирани сепак изјавиле дека не би побарале заштита од ниедна надлежна институција или организација (види: Табела број 44).

Табела бр. 44

| Доколку сте жртва на дискриминација или вознемирување, дали ќе побарате заштита од релевантните институции, организации? | | Дали знаете кои се Вашите права во случај да сте жртва на дискриминација? | |
|---|---|---|---|
| | | Да | Не |
| 2023: | | | |
| Да | 57% | 76% | 40% |
| Не | 32% | 20% | 46% |
| 2018: | | | |
| Да | 57% | 71% | 47% |
| Не | 32% | 23% | 41% |

Анализата покажува дека нема големи разлики меѓу различните ранливи групи подложни на дискриминација кога е во прашање нивната подготвеност да се обратат за помош и заштита до институциите во државата. Кај сите седум групи кои биле дискриминирани а опфатени со истражувањето, мнозинството од нив (процентите се движат од 57% до 66%) одговориле дека би побарале заштита, а околу една третина од нив (процентите се движат од 29% до 36%) одговориле дека доколку се почувствуваат дискриминирани не би се обратиле до надлежните институции за помош (види: Графикон број 20).

Графикон бр. 20: Оние кои изјавиле дека се жртва на дискриминација во последните 12 месеци (по една или повеќе основи) и дали побарале или не побарале заштита од релевентни институции / организиции




Разлики во одговорите на ова прашање има кај определени сегменти од популацијата. Подготвеноста да се пријави случај на дискриминација во хипотетичко сценарио, доколку испитаникот/чката би бил/а дискриминиран/а, е поверојатна кај лицата со повисоко образованите и во двете истражувања (**2018**: основно – 51%, средно – 57%, повисоко – 63%; **2023**: основно – 57%, средно – 54%, повисоко – 64%). По етничка и религиска линија последните пет години има големи промени. Во 2018 година подготвеноста да се пријави случај на дискриминација повеќе била изразена кај етничките Македонци/ки и христијани/ки отколку кај етничките Албанци/ки и муслимани/ки (**2018**: Македонци – 62%, Албанци – 45%, христијанин/ка – 62%, муслиман/ка – 47%). Во 2023 година разликите меѓу нив се изедначени; кај етничките Македонци/ки и христијани/ки постои намалување во подготвеноста, и обратно, кај етничките Албанци/ки и муслимани/ки постои зголемување (**2023**: Македонци – 57%, Албанци – 56%, христијанин/ка – 57%, муслиман/ка – 58%).

Од испитаниците/чките кои кажале дека би побарале заштита доколку се дискриминирани[23] - 57% (N = 919) најголем број од нив би се обратиле до полицијата (64%), која ја сметаат како релевантна институција надлежна за заштита од дискриминација, а во нешто помал број би се обратиле до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (47%). По нив следуваат: Народниот правобранител (37%), судот (31%), адвокат (27%) и до граѓанските организации (12%). Во најмал процент ги споменуваат синдикатите (7%). Во последните пет години (меѓу истражувањето од 2018 година досега), во голема мера е опадната довербата во судовите и во граѓанските организации. Испитаниците/чките во значително помал број го споменуваат судот (намалување од 16 п.п.) и граѓанските организации (разлика од 7 п.п.) како избор доколку треба да побараат заштита од дискриминација.

Резултатите покажуваат дека во случај кога испитаниците/чките размислуваат каде би се обратиле да побараат помош доколку се дискриминирани, најчеста институција која им доаѓа прва на памет е полицијата (38%), втора е Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (24%) и трета е Народниот правобранител (13%). Судот (7%), адвокатот (5%), граѓанските организации (2%) и синдикатите (1%) не се често споменати како прв избор. Оваа дистрибуција на првоспоменати одговори е иста и во двете истражувања и од 2018 и од 2023 година, со мали варијации во процентите.

Додека најчесто „второ или друго споменуван" е судот (44%) во 2018 година, во 2023 година гледаме стрмоглаво намалување за 16 п.п. (28%), што во 2023 година го прави речиси изедначен со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (28%), Народниот правобранител (29%) и со адвокат (27%), кај кои нема измени во последните пет години. Намалувањето во довербата кај судовите во 2023 година ја прави полицијата најчесто „второ или друго споменувана" (31%), кај која има благо зголемување од 3 п.п. И во двете истражувања многу поретко се споменуваат граѓанските организации (13%), а најретко споменат е синдикатот (7%). Интересно е да се напомене дека полицијата е прв избор за испитаниците/чките, иако оваа институција нема надлежност да постапува во случаи на дискриминација (освен во случаите на повреда на членот 417 од Кривичниот законик[24]).

---

[23] Испитаниците беа прашани: „Доколку сте жртва на дискриминација или вознемирување, дали ќе побарате заштита од релевантните институции и организации?". На оние кои одговориле дека би побарале, им беше поставено отворено прашање: „Каде ќе се обратите за да побарате заштита? А на кое друго место? А друго?", со можност да кажат повеќе институции кои ги знаат, без притоа да им се прочита никаков избор на одговори.

[24] Член 417 од Кривичниот законик: Расна или друга дискриминација.

Графикон бр. 21: Каде ќе се обратите да побарате заштита? (Оние кои одговориле дека би побарале заштита)




Кај испитаниците/чките со завршено основно и средно образование во двете истражувања полицијата е многу почесто првоспоменувана институција (**2018**: основно – 48%, средно – 44%; **2023**: основно – 46%, средно – 39%) отколку кај испитаниците/чките со завршено повисоко образование (**2018** - 28%; **2023** - 23%;). Кај етничките Албанци/ки и кај етничките Македонци/ки во 2018 година најчесто споменувани институции се: полицијата, судот и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (**полиција:** Македонци - 63%, Албанци - 71%; **суд:** Македонци - 44%, Албанци - 60%; **Комисија за спречување и заштита од дискриминација:** Македонци - 42%, Албанци - 58%). Додека во 2023 година само полицијата и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, бидејќи кај судовите е

забележан огромен пад, правејќи ја оваа институција речиси и незначајна по овој сегмент (**полиција:** Македонци - 42%, Албанци - 24%; **суд:** Македонци - 7%, Албанци - 8%; **Комисија за спречување и заштита од дискриминација:** Македонци - 21%, Албанци - 37%).

Етничките Албанци/ки во 2023 година почесто изјавуваат дека би се обратиле да побараат заштита од **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација** отколку етничките Македонци/ки. Додека етничките Македонци/ки во поголем број изјавуваат дека би се обратиле да побараат заштита од **полицијата** отколку етничките Албанци/ки.

Анализата покажува дека полицијата е најчест избор на испитаниците/чките, независно од тоа дали изјавиле дека во последните 12 месеци биле жртва на дискриминација врз една (54%) или врз повеќе основи, (74%) или воопшто не биле жртва на дискриминација (67%). Резултатите после пет години покажуваат дека има намалување кај изборот на жртвите од дискриминација по една основа за полицијата (12 п.п.) и за судовите (26 п.п.) како институции од кои би побарале помош, а зголемување од 15 п.п. кај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Намалувањето во изборот на судовите не е евидентиран само кај оваа група на граѓани (иако кај нив е најголемо), туку и кај оние кои биле дискриминирани на повеќе основи (13 п.п.) и кај оние кои изјавиле дека не биле дискриминирани во последните 12 месеци (12 п.п.).

Кај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација гледаме зголемување кај оние кои изјавиле дека биле жртва на дискриминација врз една основа или воопшто не биле жртва на дискриминација (15 п.п.), а намалување кај жртвите од дискриминација по повеќе основи (18 п.п.) (види: Табела број 45).

Табела бр. 45

| Каде ќе се обратите да побарате заштита? (Оние кои одговориле дека би побарале заштита – N = 916) | | Испитаници коишто лично биле дискриминирани во последните 12 месеци | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Не биле дискриминирани | По една основа | По повеќе основи |
| 2023: | | | | |
| Полиција | 64% | 67% | 54% | 74% |
| Суд | 31% | 32% | 19% | 50% |
| Комисија за спречување и заштита од дискриминација | 47% | 59% | 56% | 41% |
| 2018: | | | | |
| Полиција | 65% | 64% | 66% | 69% |
| Суд | 47% | 44% | 45% | 63% |
| Комисија за спречување и заштита од дискриминација | 46% | 44% | 41% | 59% |

# 8. Мерење на подготвеноста за прифаќање вклучување информации за различностите во училишниот материјал

## 8.1 Мерење на подготвеноста за вклучување информации за различностите во училишниот материјал

Истражувањето од 2023 година покажува дека кај испитаниците/чките има најголема подготвеност за прифаќање во училишните материјали да бидат вклучени информации за попреченост (73%), на второ место е вклученоста на информациите за различностите во религија или уверување (69%), потоа етничкото потекло (63%). Испитаниците/чките се поделени по прашањето дали училишните материјали треба да вклучуваат информација за ромската култура и историја, 50% се согласуваат додека 47% не се согласуваат. Најмала поддршка има за вклучување информации во училиштата за сексуалната ориентација (25%) и трансродовите лица (18%) (види: Графикон број 22).

Графикон бр. 22: До кој степен се согласувате или не се согласувате со секоја од следниве изјави? Училишните часови и материјалот треба да вклучуваат информации за различностите во однос на ...



Испитаниците/чките кои се согласуваат на вклучување информации во училишниот материјал за различностите во религија и уверување почесто се:

- Жените отколку мажите;
- На возраст од 15 до 24 години;
- Со завршено основно образование отколку со завршено средно и повисоко образование;
- Етнички Албанци/ки отколку етнички Македонци/ки и
- Муслимани/ки отколку христијани/ки.

Најголеми разлики по ова прашање постојат меѓу двете најголеми етнички и религиозни заедници во земјата. Етничките Албанци/ки и припадниците/чките од муслиманска вероисповед во значително поголем број изјавуваат дека се согласуваат во училишните материјали да бидат вклучени информации за различностите по основа на религија и уверување, отколку етничките Македонци/ки и христијани/ки (види: Табела број 46).

Табела бр. 46

Испитаниците/чките кои се согласуваат на вклучување информации во училишниот материјал за различностите во религија и уверување:

| Пол: | Маж | | | Жена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2023 | 67% | | | 71% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2023 | 75% | 71% | 71% | 68% | 69% | 64% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2023 | 72% | | 68% | | 68% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2023 | 66% | | | 78% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2023 | 66% | | | 78% | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2023 | 70% | | | 68% | | |

Испитаниците/чките кои се согласуваат на вклучување информации во училишниот материјал за различностите по етничко потекло и боја на кожа почесто се:

- На возраст од 15 до 34 години;
- Со завршено основно и повисоко образование отколку со завршено средно образование;
- Етнички Албанци/ки отколку етнички Македонци/ки и
- Муслимани/ки отколку христијани/ки.

Повторно најголеми разлики постојат меѓу двете најголеми етнички и религиозни заедници во земјата по ова прашање. Етничките Албанци/ки и припадниците/чките од муслиманска вероисповед во значително поголем број изјавуваат дека се согласуваат во училишните материјали да бидат вклучени информации за различностите по основа на етничко потекло и боја на кожа, отколку етничките Македонци/ки и христијани/ки (види: Табела број 47).

Табела бр. 47

Испитаниците/чките кои се согласуваат со вклучување информации во училишниот материјал за различностите по етничко потекло и боја на кожа:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол: | Маж | | | Жена | | |
| 2023 | 63% | | | 64% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2023 | 67% | 66% | 64% | 62% | 63% | 59% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2023 | 66% | | 59% | | 66% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2023 | 57% | | | 70% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2023 | 58% | | | 75% | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2023 | 64% | | | 63% | | |

Испитаниците/чките кои се согласуваат со вклучување информации во училишниот материјал за сексуална ориентација почесто се:

- На возраст од 15 до 24 години;
- Со завршено повисоко образование отколку со завршено основно и средно образование;
- Етнички Албанци/ки отколку етнички Македонци/ки;
- Муслимани/ки отколку христијани/ки и
- Испитаници од урбаните средини отколку од руралните средини.

Согласноста за вклучување информации во училишниот материјал за сексуалната ориентација е едно од најниско прифатените во истражувањето. Сепак, резултатите даваат некакви индикации за разликите во социодемографските карактеристики на испитаниците/чките. Поддршката за воведување информации за сексуалната ориентација во училишните материјали е поголема кај помладата популација; се намалува со возраста на испитаниците а се зголемува со степенот на завршено образование. Разлики се воочливи и меѓу двете најголеми етнички и религиозни заедници во земјата по ова прашање. Етничките Албанци/ки и припадниците/чките од муслиманска вероисповед во поголем број изјавуваат дека се согласуваат во училишните материјали да бидат вклучени информации за сексуалната ориентација, отколку етничките Македонци/ки и христијани/ки. Исто така жителите на урбаните средини покажуваат поголема подготвеност во прифаќање отколку оние во руралните средини (види: Табела број 48).

Табела бр. 48

Испитаниците/чките кои се согласуваат на вклучување информации во училишниот материјал за сексуалната ориентација:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол: | Маж | | | Жена | | |
| 2023 | 24% | | | 24% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2023 | 33% | 25% | 29% | 25% | 19% | 18% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2023 | 20% | | 26% | | 29% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2023 | 23% | | | 31% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2023 | 23% | | | 26% | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2023 | 27% | | | 21% | | |

Испитаниците/чките кои се согласуваат со вклучување информации во училишниот материјал за трансродово лице почесто се:

- На возраст од 25 до 44 години;
- Со завршено повисоко образование отколку со завршено основно и средно образование;
- Етнички Албанци/ки отколку етнички Македонци/ки и
- Муслимани/ки отколку христијани/ки.

Согласноста за вклучување информации во училишниот материјал за трансродово лице е една од најниско прифатените во истражувањето. Поддршката е најмала кај повозрасните испитаници/чки на возраст над 65 години и оние од 45 до 55 години, а најголема кај најмладата популација, од 15 до 24 години. Исто така таа се зголемува со степенот на завршено образование; оние со повисоко образование е поверојатно да поддржат ваква иницијатива отколку оние со завршено основно образование. Разлики се воочливи и меѓу двете најголеми етнички и религиозни заедници во земјата по ова прашање. Етничките Албанци/ки и припадниците/чките од муслиманска вероисповед во поголем број изјавуваат дека се согласуваат во училишните материјали да бидат вклучени информации за трансродово лице, отколку етничките Македонци/ки и христијани/ки (види: Табела број 49).

Табела бр. 49

Испитаниците/чките кои се согласуваат на вклучување информации во училишниот материјал да се биде трансродово лице:

| Пол: | Маж | | | Жена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2023 | 17% | | | 18% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2023 | 19% | 21% | 20% | 17% | 19% | 14% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2023 | 16% | | 19% | | 22% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2023 | 15% | | | 28% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2023 | 15% | | | 24% | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2023 | 17% | | | 20% | | |

Испитаниците/чките кои се согласуваат на вклучување информации во училишниот материјал за попреченост почесто се:

- На возраст од 15 до 24 години;
- Етнички Албанци/ки отколку етнички Македонци/ки;
- Муслимани/ки отколку христијани/ки и
- Испитаниците од урбаните средини отколку од руралните средини.

Согласноста за вклучување информации во училишниот материјал за попреченост не создава големи разликите во социодемографските карактеристики на испитаниците/чките. Најголеми разлики се воочливи кај најмладите испитаници/чки од 15 до 24 години кои, во поголем број, би ја поддржале оваа инцијатива за разлика од останатите возрасни групи (види: Табела број 50).

Табела бр. 50

| Испитаниците/чките кои се согласуваат на вклучување информации во училишниот материјал за попреченост: | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол: | Маж | | | Жена | | |
| 2023 | 72% | | | 73% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2023 | 78% | 72% | 72% | 73% | 72% | 70% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2023 | 75% | | 70% | | 73% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2023 | 70% | | | 75% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2023 | 71% | | | 77% | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2023 | 74% | | | 70% | | |

Испитаниците/чките кои се согласуваат на вклучување информации во училишниот материјал за ромската култура и историја почесто се:

- На возраст од 15 до 34 години и од 55 до 64 години;
- Со завршено основно и повисоко образование отколку со завршено средно образование;
- Етнички Албанци/ки отколку етнички Македонци/ки и
- Муслимани/ки отколку христијани/ки.

Темата за вклучување во училишниот материјал теми за ромската култура и историја во јавноста е поделена околу давањето согласност за ваква иницијатива. Резултатите откриваат најголеми разлики меѓу двете најголеми етнички и религиозни заедници во земјата по ова прашање. Етничките Албанци/ки и припадниците/чките од муслиманска вероисповед во значителен поголем број изјавуваат дека се согласуваат во училишните материјали да бидат вклучени информации за ромската култура и историја, отколку етничките Македонци/ки и христијани/ки (види: Табела број 51).

Табела бр. 51

| Испитаниците/чките кои се согласуваат на вклучување информации во училишниот материјал заромската култура и историја: | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол: | Маж | | | Жена | | |
| 2023 | 51% | | | 50% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2023 | 53% | 55% | 51% | 48% | 53% | 43% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2023 | 53% | | 46% | | 53% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2023 | 41% | | | 63% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2023 | 42% | | | 67% | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2023 | 51% | | | 49% | | |

# 9. Мерење на подготвеноста за прифаќање трета одредница во личните документи, освен тие за маж или за жена

Очигледен е отпорот на испитаниците кон идејата за воведување трета одредница во графата за пол во официјалните документи, која би им овозможила на лицата да се идентификуваат различно од досегашниот бинарен избор меѓу маж или жена. Големо мнозинство од испитаниците/чките ја отфрлаат идејата за воведување трета одредница (79%), а мал број (12%) се подготвени да ја прифатат, 9% од испитаниците/чките немаат оформено став по оваа тема и одговориле со „не знам" (види: Графикон број 23).

Графикон бр. 23: Дали мислите дека официјалните документи, како пасошите, личните карти и изводите од матичната книга на родените треба да имаат трета опција, како што се X или О (друго), покрај машко (М) и женско (Ж) за оние лица кои не се идентификуваат како жена или маж.



Вкрстувајќи ги податоците со испитаниците/чките кои изјавиле дека се дискриминирани во последните 12 месеци, само жртвите на основа на сексуална ориентација покажуваат поголема подготвеност (46%) да поддржат воведување трета опција во официјалните документи, додека кај дискриминираните по сите други основи поддршката е многу помала и се движи од 13% до 22%.

Испитаниците/чките кои сметаат дека треба да има трета одредница во официјалните документи почесто се:

- Мажи отколку жени;
- На возраст од 35 до 44 години;
- Со завршено средно и повисоко образование отколку оние со завршено основно образование;
- Етнички Албанци/ки отколку етнички Македонци/ки и
- Муслимани/ки отколку христијани/ки.

Табела бр. 52

Испитаниците/чките кои сметаат дека треба да има трета одредница во личните документи

| Пол: | Маж | | | Жена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2023 | 13% | | | 10% | | |
| Возрасни групи: | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65+ |
| 2023 | 12% | 10% | 15% | 8% | 13% | 11% |
| Образование: | Основно | | Средно | | Повисоко | |
| 2023 | 9% | | 14% | | 12% | |
| Етничка припадност: | Македонец/ка | | | Албанец/ка | | |
| 2023 | 10% | | | 15% | | |
| Религиска припадност: | Христијанин/ка | | | Муслиман/ка | | |
| 2023 | 10% | | | 17% | | |
| Место на живеење: | Урбано | | | Рурално | | |
| 2023 | 14% | | | 9% | | |

# 10. Заклучоци

## Перцепција за дискриминацијата

Анализата на податоците од сите истражувања (2009, 2013, 2018 и 2023 година) покажува дека феноменот на дискриминацијата е широко распространет во јавноста, со тренд на умерен пораст кај пет од седум основи на дискриминација, додека останатите две покажуваат стагнација. Податоците континуирано покажуваат дека поголем дел од испитаниците/чките сметаат дека дискриминацијата е честа, за разлика од оние кои не се согласуваат со овој став и сметаат дека е ретка, иако овој процент низ годините покажува стабилен тренд на зголемување.

Дискриминацијата врз основа на политичка и етничка припадност е најраспространета во сите истражувања низ годините. Овие податоци укажуваат дека јавноста ги препознава како главни „генератори“, кои претставуваат пречка во остварувањето на еднаквите можности на граѓаните во различни сфери од животот. Податоците покажуваат дека во најголем број случаи како жртви или сведоци на дискриминација се јавуваат лицата кои се ставени во понеповолна положба само врз основа на својата политичка или етничка припадност. Дополнително, според проценката на испитаниците/чките, на врвот на листата на факторите кои ги става кандидатите/ките со еднакви вештини и квалификации во нееднаква позиција при вработување се токму нивната политичка и етничка припадност.

Дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација, според перцепцијата на јавноста, е на дното на ранг-листата како најмалку распространета, во сите истражувања. Вкупниот амбиент во земјата покажува дека кај јавноста има најголема тенденција на неприфаќање на оваа малцинска група. Резултатите од истражувањата покажуваат дека во реалниот живот постои висок степен на дистанцираност од лицата со различна сексуална ориентација. На дното на листата на прифатеност како соседи/ки или пријатели/ки се припадниците токму од оваа група а, исто така, за оваа категорија лица најмала е и подготвеноста за поддршка на специфичните мерки за обезбедување еднакви можности при вработување, како и најмала подготвеност за прифаќање во училишните материјали да бидат вклучени информации за сексуална ориентација.

Посебен аспект на перцепцијата на дискриминацијата претставуваат оценките на испитаниците/чките дали одреден вид дискриминација е почест или поредок спореден со ситуацијата во изминатите пет години. Според овој параметар, меѓу истражувањата од 2018 досега, резултатите покажуваат дека има влошување на перцепцијата за зачестеноста на дискриминацијата. Анализата на структурата и динамиката на промените покажува итност за преземање активности во борбата против дискриминацијата.

Најнеповолна перцепција за дискриминацијата на среднорочен план (во изминатите пет години) е во однос на политичката припадност. Шестпати поголем е бројот на испитаниците/чките кои оценуваат дека овој вид дискриминација е почест, во однос на оние кои оцениле дека е поредок. Драстичната разлика меѓу перцепцијата на дискриминацијата врз основа на политичка припадност, во однос на сите останати, покажува податокот дека веќе кај второрангираната дискриминација врз основа на етничка припадност, доминацијата на перцепцијата дека е почеста е само 2.2 пати повеќе во однос на тоа дека оваа дискриминација е поретка.

Резултатите од истражувањата покажуваат дека граѓаните/ките декларираат високо ниво на толеранција и кога се работи за приватната сфера, односно за живеење во соседство со припадници на различни групи. Истото се пресликува и во јавната сфера, кога станува збор за прифаќањето на припадници/чки од различни групи на највисоката изборна позиција на власт. На скалата на толеранција кон различните групи, испитаниците/чките покажуваат голема подготвеност за прифаќање и како соседи и како носители на изборна функција припадници од „друга“ политичка ориентација и припадници од „другите“ етнички и религиски заедници.

Во негативната зона на „барометарот“ на толеранција, резервираноста кон лицата со различна сексуална ориентација е видливо изразена како во јавната така и во приватната сфера. Заеднички именител на податоците кои се однесуваат на перцепцијата за сексуалната ориентација, за сите теми и аспекти во истражувањето, е што имаат негативен предзнак. Врз основа на овие наоди може да се заклучи дека прифаќањето и интеграцијата на оваа група претставува еден од најголемите предизвици во борбата против дискриминацијата.

## Искуства со дискриминација

Податоците за личните искуства со дискриминацијата покажуваат дека секој трет испитаник/чка изјавува дека бил/а жртва на дискриминација, а четири од десет испитаници се јавиле како сведоци на дискриминација. Во сите истражувања (2009, 2013, 2018 и 2023 година), политичка припадност е перципирана како најчест вид дискриминација, и во ситуациите кога лицата се лично дискриминирани и кога се сведоци на дискриминација. Но во 2023 година има статистички значајно намалување и во ситуации на лична дискриминација и во ситуации како сведок на дискриминација. Благо намалување има и во двата случаја на дискриминација на основа на етничка припадност, што во 2023 година ја изедначува и ја прави на прво место, заедно со политичката дискриминација. Во секојдневниот живот во голем број случаи се покажува поврзаноста меѓу личното искуство на изложеност од дискриминација и ситуацијата во која тие лица се нашле како сведоци на истата. Ваквото двојно искуство со дискриминацијата значајно влијае на нивната перцепција за постоењето на дискриминацијата. Тоа го потврдуваат податоците, односно во значајно поголем број овие лица ја перципираат дискриминацијата како честа во однос на сите други категории испитаници/чки. Ваквиот наод треба да се искористи во таргетирањето на лицата со вакви искуства од страна на организациите во чиј фокус е борбата против дискриминацијата, со цел од нив да се добијат специфични и конкретни информации кои можат да допринесат за подобри резултати во борбата против дискриминацијата.

За првпат во истражувањето 2023 година на оние испитаници/чки кои изјавиле дека биле дискриминирани по која било основа им е поставено прашањето под кои околности се случило тоа. Резултатите покажуваат дека испитаниците кои биле дискриминирани во последните 12 месеци најчесто биле дискриминирани во јавниот простор, на второ, најчесто место, било додека барале работа или додека биле на работа. Секој петти испитаник/чка изјавил дека бил дискриминиран од страна на здравствен персонал. А еден/а на десет испитаници/чки ги наведуваат социјалните мрежи, продавниците, банките, персоналот на јавна служба и кафулиња, ресторани, барови и ноќни клубови како места каде доживеале дискриминација.

Половина од лицата кои изјавиле дека биле дискриминирани биле изложени на повеќекратна дискриминација, но нивниот број во текот на годините бавно опаѓа. Од друга страна, податоците за перцепцијата на повеќекратната дискриминација во последните пет години покажуваат благо зголемување. Искуството со дискриминација има значајно влијание на перцепцијата на повеќекратната дискриминација. Најголемо зголемување на перцепцијата дека повеќекратната дискриминација е честа има меѓу испитаници/чките кои биле само дискриминирани, а веднаш по нив меѓу кај оние испитаници/чките кои не биле

ниту дискриминирани ниту се јавиле како сведоци на дискриминација. Од друга страна најфреквентни одговори дека повеќекратна дискриминација е честа даваат испитаниците/чките кои биле и сведоци и жртви на дискриминација.

## Ставови кон еднакви можности при вработување

Анализата на перцепцијата на испитаниците/чките открива три главни фактори кои доведуваат до нееднаков третман при вработувањето: политичката припадност, возраста на кандидатите/ките и нивната етничка припадност.

Анализата покажува дека и кај перцепцијата околу најфреквентните фактори кои доведуваат до нееднаков третман при вработувањето, од една  страна, и подготвеноста за поддршка на специфични мерки за обезбедување еднакви можности при вработување, имаат благо намалување. А најголемото намалување кај двете категории се забележува кај одговорите за политичката припадност на кандидатот. Во 2023 година најголем број од испитаниците/чките поддржуваат воведување специфични мерки против дискриминација на работно место врз основа на попреченост и врз основа на возраст. Веднаш по нив следуваат мерките против дискриминација врз основа пол, па на етничка и религиска припадност. Поддршката за лицата според нивната сексуална ориентација е постојано најмала во однос на сите останати и е во континуиран пад низ годините. Но, и кај двете мерки (за евидентирање на составот на вработените и следење на процедурите за вработување) последното истражување бележи големо намалување во нивната поддршка. Ова намалување се должи, пред сè на промените во подготвеноста за поддршка на ваквите мерки кај двете најбројни етнички заедници во земјата.

Фактот што поддршката на специфичните мерки за обезбедување еднакви можности при вработувањето во висок степен коинцидира со клучните фактори кои ги нарушуваат еднаквите можности при вработувањето, покажува дека дискриминацијата при вработувањето ги засега виталните егзистенцијални и социоекономски интереси на граѓаните/ките. Овие наоди се поткрепени и со искажаната подготвеност на мнозинството граѓани/ки да дадат поддршка на мерките за евиденција и следење на процедурите за вработување на лицата кои припаѓаат на помалубројните етнички заедници. Како и за другите аспекти на дискриминацијата така и во овој случај, еднаквоста на лицата со различна сексуална ориентација е занемарена.

## Борба против дискриминацијата

Оценката на граѓаните/ките за напорите во борбата против дискриминацијата во текот на времето покажува тренд на опаѓање на оценката дека се вложуваат доволно вистински напори. Во 2023 година постои нагласено негативна слика кога податоците се гледаат низ призмата на искуствата со дискриминацијата. Независно дали испитаниците/чките биле жртви или сведоци на дискриминација или не биле сите, во огромно мнозинство, сметаат дека не се вложуваат доволно напори во борбата против дискриминацијата.

## Свесност за правата и барање заштита во случај на дискриминација

Во периодот опфатен со истражувањата, од 2009 до 2023 година, мнозинството од испитаниците/чките изјавуваат дека не ги знаат своите права во случај да се жртви на дискриминација. Но, и покрај тоа, може да се забележи позитивен ефект во борбата против дискриминацијата. Податоците од истражувањата покажуваат дека се зголемува бројот на испитаниците/чките кои се свесни за своите права меѓу оние кои биле жртва на дискриминација по една основа.

Подготвеноста на испитаниците/чките да се обратат до институциите и до организациите коишто се надлежни за заштита од дискриминација е многу поголема кај оние кои лично

биле жртви на дискриминација отколку кај оние кои изјавиле дека не биле. Но, една петина од оние кои лично биле дискриминирани сепак изјавиле дека не би побарале заштита од ниедна надлежна институција или организација.

Од испитаници/чките кои навеле дека би побарале заштита доколку хипотетички се жртва на дискриминација најзастапен е одговорот дека би се обратиле до полицијата, којашто ја сметаат како релевантна институција надлежна за заштита од дискриминација, а во нешто помал број би се обратиле на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. По нив следуваат Народниот правобранител, судот, адвокат и граѓанските организации. А во најмал број ги споменуваат синдикатите. Структурата на овие одговори упатува на заклучокот дека *de facto* голем дел од граѓаните/ките не ги препознаваат релевантните институции за борба против дискриминацијата, иако субјективно се уверени дека ги познаваат. Ова укажува дека е потребна поголема промоција во јавноста на институциите коишто се надлежни за борба против дискриминацијата, особено на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител и на судот.

Во 2023 година гледаме стрмоглаво намалување кај изборот на судот како втора или друга спомената институција кај која испитаниците/чките би се обратиле за помош доколку се жртва на дискриминација, што ја симнува од првото место во 2018 година на сегашно второ место. А полицијата во 2023 година го зазема првото место и кај втор и друго споменатите одговори по ова прашање. Забележан е тренд на зголемување на довербата во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

## Влијание на општествениот контекст врз ставовите за дискриминацијата

Анализата на општествениот контекст и на интеракциите меѓу различни социјални групи покажува дека големо мнозинство од граѓаните/ките ги доживуваат припадниците/чките на различните социјални групи како дел од сопствениот социјален круг. Трендот на социјализација со малцински групи во Република Северна Македонија покажува стагнација во последните пет години, анализираните малцински групи не покажуваат статистички разлики меѓу истражувањето од 2018 и 2023. Но, во текот на четиринаесетгодишното истражување постои континуирано намалување кај оние кои изјавиле дека нивниот општествен круг вклучува и лица со попреченост.

Големо мнозинство испитаници/чки изјавуваат дека имаат другари/ки или познаници/чки кои се различни од нив во поглед на политичките ставови, етничката и религиската припадност. Исто така, три од пет испитаници/чки одговориле дека имаат пријатели/ки или познаници/чки кои се од ромска етничка заедница и лица со попреченост. Наспроти тоа само еден на десет испитаници изјавува дека во неговиот потесен или поширок социјален круг се среќаваат и лица со различна сексуална ориентација.

Процентот на испитаници/чки кои се доживуваат себеси како припадници на малцинство во местото каде што живеат во последните пет години се зголемило. Во целиот период најбројни се оние кои се чувствуваат како етничко малцинство, кое последниот бран бележи пораст и е највисоко во целиот период од истражувањето. Второ е религиозното малцинство, а по него малцинството во однос на политичката припадност, кое бележи благо намалување. Истовремено многу мал број испитаници/чки се изјаснуваат дека припаѓаат на малцинство во однос на попреченост и сексуална ориентација.

Врз основа на овие наоди може да се постави генерален заклучок од истражувањата според кој перцепцијата и ставовите за дискриминацијата во јавноста ќе бидат широко распространети сѐ додека постојат основи за антиципација на дискриминацијата врз политичка и врз етничка основа. Фокусот на борбата против широко распространетата перцепција на дискриминацијата во јавноста во нашата земја треба да се насочи кон продлабочени

истражувања на факторите кои ги детерминираат ваквите ставови.

## Подготвеност за прифаќање вклучување информации за различностите во училишниот материјал

Истражувањето од 2023 година покажува дека кај испитаниците/чките има најголема подготвеност за прифаќање во училишните материјали да бидат вклучени информации за попреченост и нешто помалку за вклученоста на информациите за различностите во религијата или уверувањето и етничкото потекло. Испитаниците/чките се поделени по прашањето дали училишните материјали треба да вклучуваат информација за ромската култура и историја. Најмала поддршка има за вклучување информации во училиштата за сексуалната ориентација и за трансродовите лица.

Анализата покажува дека по ова прашање најголеми разлики постојат меѓу двете најголеми етнички и религиозни заедници во земјата; етничките Албанци/ки и муслиманите/ките во поголем број искажуваат поддршка за воведување информации за различностите во училишниот материјал, отколку етничките Македонци/ки и христијаните/ките. Исто така има разлики и кај возраста на испитаниците. Најмладите на возраст од 15 до 34 години покажуваат поголема подготвеност да поддржат проширување на училишната програма со информации за различностите отколку другите возрасни групи.

## Прифаќање трета одредница, освен тие за маж/жена во официјалните документи за идентификација

Очигледен е отпорот на испитаниците кон идејата за воведување трета одредница во графата за пол во официјалните документи, која би им овозможила на лицата да се идентификуваат различно од досегашниот бинарен избор меѓу маж или жена. Испитаниците/чките во големо мнозинство ја отфрлаат идејата за воведување трета опција, додека еден од десет испитанци/чки е подготвен/на да прифати ваква промена.

Анализата покажува дека испитаниците/чките кои изјавиле дека имале лично искуство со дискриминација врз основа на сексуална ориентација даваат поддршка за воведување трета опција во официјалните документи, додека кај дискриминираните по сите други основи поддршката е многу помала.

# ПРИЛОЗИ

## **Прилог 1.** Методологија применета во истражувањата

Четирите бранови истражувања беа спроведени од 2009 до 2023 година, на временска дистанца од околу пет години. Податоците од првото истражување беа добиени меѓу 9 и 15 април 2009 година, од второто меѓу 10 и 27 септември 2013 година, од третото истражување меѓу 5 и 17 септември 2018 година и од последното 2023 меѓу 25 мај и 12 јуни.

Првата (2009), третата (2018) и четвртата (2023) анкета се спроведени од страна на агенцијата за истражување на јавното мислење, маркетинг и медиуми „БРИМА", користејќи ја истата методологија и дизајн на примерок. И трите анкети беа национално репрезентативни за населението на возраст над 15 години, користејќи метод на анкетирање „лице в лице" во домот на испитаникот/чката. Интервјуата беа спроведени на македонски јазик (со етничките Македонци/ки и со припадниците на помалите етнички заедници) и на албански јазик (со етничките Албанци/ки). Во примерокот од 2009 година се опфатени N = 1606 испитаници, во 2018 N = 1607 испитаници, а во 2023 N = 1608 со маргина на грешка од ± 2.5% при 95% ниво на доверба. Дизајнот на примерокот применет во истражувањата е повеќестепен, стратифициран, случаен примерок.

- Прва фаза: Дистрибуција на „секторите" (sampling points) пропорционално на регионалните, урбаните/руралните и етничките карактеристики на населението - со примена на PPS (Probability Proportion to Size) метод, т.е. веројатност пропорционална на големината.
- Втора фаза: Избор на домаќинства со користење на методот на случаен избор. За секој „сектор" се назначува почетна точка и дадена насока.
- Трета фаза: Избор на само 1 испитаник/чка по домаќинство, со користење клуч за селекција „прв следен роденден", кое е лицето во домаќинството на возраст од 15 години или повеќе, чиј роденден е следен.
- Четврта фаза: Замена на домаќинството, користејќи постапка за избор на домаќинства, ако селектираниот член на домаќинството одбие или не е достапен за учество во интервју по вкупно три обиди (првична посета и два повторни обида).

Примероците за истражувањата од 2009 и 2018 беа подготвени користејќи податоци од Државниот завод за статистика (резултати од пописот од 2002 година) за населението на возраст од 15 и повеќе години. Додека примерокот за 2023 беше подготвен користејќи податоци од Државниот завод за статистика (резултати од пописот од 2021 година). Примерокот, исто така, ја вклучуваше структурата на населението според возраста, полот, местото на живеење, етничкиот состав и регионот, кои се соодветно ажурирани според најновите проценки и примарни податоци на Државниот завод за статистика за населението во државата, обработени од „БРИМА". Базата на податоците од истражувањата беше приспособена според возраста и полот, регионот и според етничката припадност.

Второто истражување (2013) го спроведе Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), во соработка со „М-проспект" ДОО - Скопје. Истражувањето беше спроведено по телефон (80% преку фиксни и 20% преку мобилни телефони, користејќи сопствена база на телефонски броеви на „М-проспект"), користејќи го методот „следниот роденден" на популацијата на возраст од 15 и повеќе години. Методот на дизајн на примерокот беше повеќестепен, земајќи ја предвид распределбата на населението според местото на живеење во руралните и во урбаните средини и етничката припадност. Интервјуата беа спроведени на

македонски и на албански јазик. Примерокот опфаќаше 1.600 испитаници/чки со маргина на грешка од ± 2.5% при 95% ниво на доверба.

## Методолошки проблеми

Прашалникот што беше употребен во сите три истражувања беше со иста структура на теми и прашања, со цел да се стекне увид во промените на перцепциите, ставовите, знаењето и свеста за дискриминацијата, со одредени промени во некои од прашањата во анкетата од 2013 година.

Во 2013 направени се промени на следниве прашања:

- Во прашањето П2 беше изоставена опцијата: „ниту почеста, ниту поретка" во одговорите;
- Прашањата П5, П7, П10_1 и П10_2 беа изоставени од прашалникот;
- Мерната скала што се користеше за прашања П6 и П8 беше променета од 1-10 на 1-9 степени;
- На прашањето П9 беше додадена нова опција: „ниту се согласувам ниту не се согласувам";
- На П13 не се користеше ниту еден филтер.

Овие промени во прашалникот ги ограничија можностите за споредување на резултатите од сите три истражувања.

Исто така додадени се нови прашања (П13 и П14) од 2013 година за следење на влијанието и напредокот од спроведувањето на *Законот за спречување и заштита од дискриминација*. Исто така се мереше свесноста на испитаниците/чките за *Комисијата за заштита од дискриминација,* како централно национално тело.

## **Прилог 2.** Анкетен прашалник

(СЕ ЧИТА ПРЕД ДА СЕ ПОЧНЕ СО ПРВОТО ПРАШАЊЕ)

Прашањата кои следат се однесуваат на темата *дискриминација*.

Под дискриминација се подразбира нееднаков третман на луѓето, односно поинакво постапување со луѓето само затоа што се женски или машки, припадници на определена етничка група или заедница, имаат определена вероисповед, ако се лица со попреченост (односно се лица со ментална или со телесна попреченост) и слично. Нееднаквиот третман може да биде видлив, како на пример кога намерно се објавува оглас за работа во кој се наведува дека се бараат работници од одредена етничка група или само машки. Исто така нееднаквиот третман може да биде прикриен, како на пример кога би се одржувало тестирање за работа на религиозен празник, заради тоа што нема да можат да присуствуваат припадници на една вероисповед.

ШОУКАРТА П1

П1. Би можеле ли да ми кажете што мислите, колку честа е секоја од наведениве форми на дискриминација во државата? Дискриминација врз основа на ...

| ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД | | Многу честа | Прилично честа | Прилично ретка | Многу ретка | Не постои | Не знам (НЕ СЕ ЧИТА) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| П1_1 | Етничка припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П1_2 | Пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П1_3 | Сексуална ориентација (на пр. хомосексуалност) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П1_4 | Возраст | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П1_5 | Религија или уверување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П1_6 | Попреченост | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П1_7 | Партиска припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |

ШОУКАРТА П2

П2. Ако ја споредите сегашната ситуација со ситуацијата од пред 5 години, дали би рекле дека следниве форми на дискриминација се почести или поретки во државата? Дискриминација врз основа на ...

| **ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД** | | Многу Почеста | Доста почеста | Ниту почеста, ниту поретка (иста) | Доста поретка | Многу поретка | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| П2_1 | Етничка припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П2_2 | Пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П2_3 | Сексуална ориентација (на пр. хомосексуалност) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П2_4 | Возраст | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П2_5 | Религија или уверување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П2_6 | Попреченост | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П2_7 | Партиска припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |

ОДГОВАРААТ ОНИЕ КОИ НА Q3 ОДГОВОРИЛЕ ДЕКА СЕ ПОЧУВСТВУВАЛЕ ДИСКРИМИНИРАНИ

### ШОУКАРТА Q3a

Q3a. Размислувајќи за последниот пат кога сте се почувствувале дискриминирани, под кои околности се случило тоа?

| **МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ** | | |
|---|---|---|
| Q3a_1 | Кога баравте работа | 1 |
| Q3a_2 | На работа | 2 |
| Q3a_3 | Кога баравте куќа или стан за изнајмување | 3 |
| Q3a_4 | Од страна на здравствениот персонал (на пример рецепционер, медицинска сестра или лекар) | 4 |
| Q3a_5 | Од страна на персоналот за социјална служба | 5 |
| Q3a_6 | Од училишен или универзитетски персонал; ова можеше да ви се случи како ученик или како родител | 6 |
| Q3a_7 | Во кафуле, ресторан, бар или ноќен клуб | 7 |
| Q3a_8 | Во продавница или банка | 8 |
| Q3a_9 | Во јавен простор | 9 |
| Q3a_10 | На социјалните медиуми/мрежи | 10 |
| Q3a_11 | Друго запиши ______________________________________________ | 11 |
| | | |
| Q3a_99 | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 99 |

## ПРАШАЈ ГИ СИТЕ

### ШОУКАРТА П3

П3. Дали во изминатите 12 месеци лично сте се почувствувале дискриминирани или вознемирувани по една или повеќе од следниве основи? Дали сте биле дискриминирани врз основа на ...? Ве молам да ги наведете сите основи кои сметате дека се релевантни.

| **МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ** | | |
|---|---|---|
| П3_1 | Етничка припадност | 1 |
| П3_2 | Пол | 2 |
| П3_3 | Сексуална ориентација | 3 |
| П3_4 | Возраст | 4 |
| П3_5 | Религија или уверување | 5 |
| П3_6 | Попреченост | 6 |
| П3_7 | Партиска припадност | 7 |
| П3_8 | Друга причина, запиши ______________________________________________ | 8 |
| | | |
| П3_98 | Не сте биле дискриминирани (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 98 |
| П3_99 | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 99 |

## ШОУКАРТА П4

П4. Дали во изминатите 12 месеци сте биле сведок кога некој бил дискриминиран или вознемирен по една или повеќе од следниве основи? Дали тоа било дискриминација врз основа на ...? Ве молам да ги наведете сите кои сметате дека се релевантни.

| **МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ** | | |
|---|---|---|
| П4_1 | Етничка припадност | 1 |
| П4_2 | Пол | 2 |
| П4_3 | Сексуална ориентација | 3 |
| П4_4 | Возраст | 4 |
| П4_5 | Религија или уверување | 5 |
| П4_6 | Попреченост | 6 |
| П4_7 | Партиска припадност | 7 |
| П4_8 | Друга причина, запиши ______________________________ | 8 |
| | | |
| П4_98 | Не сте биле сведок (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 98 |
| П4_99 | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 99 |

## ШОУКАРТА П5

П5. Само што разговаравме за дискриминација врз основа на етничка припадност, пол, сексуална ориентација, возраст, религија или уверување и/или попреченост. Некои луѓе може да почувствуваат дискриминација по повеќе основи. Кога луѓето се дискриминирани по повеќе основи тоа го нарекуваме „повеќекратна дискриминација“. Би можеле ли да ми кажете дали според вас повеќекратната дискриминација е многу честа, прилично честа, прилично ретка, многу ретка или не постои во државата?

| **ПРОЧИТАЈТЕ** | |
|---|---|
| Многу честа | 1 |
| Прилично честа | 2 |
| Прилично ретка | 3 |
| Многу ретка | 4 |
| Не постои | 5 |
| | |
| Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 9 |

## ШОУКАРТА П6

П6. Користејќи скала од 1 до 10 би можеле ли да ми кажете како лично Вие би се чувствувале во секоја од наведениве ситуации. На скалата, „1“ значи дека се чувствувате „многу непријатно“ а „10“ значи дека се чувствувате „сосема пријатно“ во таа ситуација.

| **ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД** | | Многу непријатно | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | Сосема пријатно | Индиф. | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| П6_1 | Доколку имате сосед/ка што е Ром/ка | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П6_2 | Доколку имате сосед/ка што е лице со попреченост | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П6_3 | Доколку имате сосед/ка со различна сексуална ориентација (геј маж или лезбијка) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П6_4 | Доколку имате сосед/ка од друга етничка припадност, различна од Вашата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П6_5 | Доколку имате сосед/ка од друга религија или уверување, различни од Вашите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П6_6 | Доколку имате сосед/ка што е припадник/чка или симпатизер на друга политичка партија, различна од онаа што Вие ја симпатизирате или во која членувате | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |

## ШОУКАРТА П7

П7. Во државата кога една фирма сака да вработи некого и може да бира меѓу двајца кандидати/ки со еднакви вештини и квалификации, што мислите, кој од наведените критериуми го/ги става едниот/та од кандидатите/ките во понеповолна положба? (Врз основа на што фирмата ќе одлучи кој од двајцата кандидати/ки да не го вработи).

| **ПРОЧИТАЈТЕ; РОТИРАЈТЕ МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ** | | |
|---|---|---|
| П7_1 | Името на кандидатот/ката | 1 |
| П7_2 | Адресата на кандидатот/ката | 2 |
| П7_3 | Начинот на кој кандидатот/ката зборува, неговиот/нејзиниот акцент | 3 |
| П7_4 | Етничката припадност на кандидатот/ката | 4 |
| П7_5 | Полот на кандидатот/ката | 5 |
| П7_6 | Сексуалната ориентација на кандидатот/ката (на пример, ако е хомосексуалец) | 6 |
| П7_7 | Возраста на кандидатот/ката | 7 |
| П7_8 | Попреченост | 8 |
| П7_9 | Изразување на религиозно уверување (на пример видливо носење религиозно обележје) | 9 |
| П7_10 | Партиската припадност | 10 |
| П7_11 | Дали кандидатот/ката е пушач или непушач | 11 |
| П7_12 | Надворешниот изглед на кандидатот/ката, начинот на облекување и појава | 12 |
| П7_13 | Општиот физички изглед на кандидатот/ката (висина, тежина, лице, итн.) | 13 |
| П7_14 | Друго, запиши ______________________________ | 14 |
| | | |
| П7_98 | Ништо од наведеното (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 98 |
| П7_99 | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 99 |

## ШОУКАРТА П8

П8. Користејќи скала од 1 до 10 биможеле ли да ми кажете како би се чувствувале доколку некој од следниве категории на лица е носител на највисоката избрана позиција на власт во државата?

| ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД | | Многу непријатно | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | Сосема пријатно | Индиф. | Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| П8_1 | Жена | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П8_2 | Лице со различна сексуална ориентација (геј маж или жена лезбијка) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П8_3 | Лице со етничка припадност различна од мнозинството | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П8_4 | Лице помладо од 30 години | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П8_5 | Лице со религиска припадност различна од мнозинството | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П8_6 | Лице со попреченост | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П8_7 | Лице од политичка партија што не учествува во власта | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П8_8 | Лице постаро од 75 години | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |

## ШОУКАРТА П9

П9. Дали би се согласиле или би биле против воведувањето на специфични мерки за обезбедување еднакви можности за вработување на сите лица? На пример вакви мерки се специјални програми за обука или квоти за вработување на лица базирани на нивната ...

| ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД | | Сосема се согласувам | Делумно се согласувам | Делумно сум против | Сосема сум против | Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П9_1 | Етничка припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| П9_2 | Пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| П9_3 | Возраст | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| П9_4 | Религија или уверување | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| П9_5 | Попреченост | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| П9_6 | Сексуална ориентација | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| П9_7 | Партиска припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |

## ШОУКАРТА П10

П10. Во која мера се согласувате или би биле против на работното место да се спроведуваат следните работи?

| **ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД** | | Сосема се Согласувам | Делумно се согласувам | Делумно Сум против | Сосема сум против | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П10_1 | Да се евидентира составот на вработените за да може да се следи и проценува колку се застапени припадниците на помалку бројните етнички заедници | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| П10_2 | Да се следат процедурите за вработување, со цел на лицата кои припаѓаат на помалку бројните етнички заедници да им се обезбедат еднакви можности да бидат примени на работа како и на другите кандидати со слични вештини или квалификации | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |

## ШОУКАРТА П11

П11. Општо земено, дали би можеле да кажете дека во државата  се вложуваат доволно напори за борба против сите видови на дискриминација?

| **ПРОЧИТАЈТЕ САМО ЕДЕН ОДГОВОР** | |
|---|---|
| Вистински се вложуваат | 1 |
| Се вложуваат до извесна мера | 2 |
| Не се вложуваат вистински напори | 3 |
| Не се вложуваат никакви напори | 4 |
| | |
| Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 9 |

П12. Дали знаете кои се вашите права во случај да сте жртва на дискриминација?

| **ПРОЧИТАЈТЕ** | |
|---|---|
| Да | 1 |
| Не | 2 |
| Друго (запиши) ________________________________________ | 3 |
| | |
| Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 9 |

П13. Доколку сте жртва на дискриминација или вознемирување, дали ќе побарате заштита од релевантните институции, организации?

| **ПРОЧИТАЈТЕ** | | |
|---|---|---|
| Не | **СКОКНЕТЕ НА П1_1** | 1 |
| Да | **ОДЕТЕ НА П14** | 2 |
| | | |
| Не знам/одбива да одговори (**НЕ СЕ ЧИТА**) | **СКОКНЕТЕ НА П1_1** | 9 |

## ОДГОВАРААТ ОНИЕ КОИ НА П13 ОДГОВОРИЛЕ СО ОПЦИЈАТА ЗА ОДГОВОР 2

П14. Каде ќе се обратите за да побарате заштита? А на кое друго место? А друго?
НЕ ГИ ЧИТАЈ ОДГОВОРИТЕ

| | | П14,а Првоспоменат | П14,b Други |
|---|---|---|---|
| 1 | Суд | | |
| 2 | Полиција | | |
| 3 | Народен правобранител | | |
| 4 | Комисија за спречување и заштита од дискриминација | | |
| 5 | Адвокат | | |
| 6 | Синдикат | | |
| 7 | Граѓанска организација | | |
| 8 | Друго (запишете) | | |
| 99 | Не знам/ одбива да одговори **(НЕ СЕ ЧИТА)** | | |

## ПРАШАЈТЕ ГИ СИТЕ

П1_1 Дали имате другари/ки или познаници/чки кои се...?

| **ПРОЧИТАЈТЕ ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД** | Да | Не | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) |
|---|---|---|---|
| П1_1_1 Припадници/чки на друга етничка заедница | 1 | 2 | 9 |
| П1_1_2 Роми/ки | 1 | 2 | 9 |
| П1_1_3 Лица со различна сексуална ориентација (геј маж или лезбијка) | 1 | 2 | 9 |
| П1_1_4 Лица со попреченост | 1 | 2 | 9 |
| П1_1_5 Лица со поинаква религија или уверување од Вашата | 1 | 2 | 9 |
| П1_1_6 Припадници/чки на политичка партија со чии ставови не се согласувате | 1 | 2 | 9 |

П1_2 Дали сметате дека во Вашето место на живеење припаѓате на нешто од следново?
Ве молам да ги наведете сите кои сметате дека се релевантни.

| **ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ** | | |
|---|---|---|
| П1_2_1 | Етничко малцинство | 1 |
| П1_2_2 | Малцинство по однос на религиска припадност | 2 |
| П1_2_3 | Сексуално малцинство | 3 |
| П1_2_4 | Малцинство во однос на попреченост | 4 |
| П1_2_5 | Малцинство во однос на партиска припадност или партиско симпатизирање | 5 |
| П1_2_6 | Ниедно од наведените | 6 |
| П1_2_7 | Друга малцинска група, запиши ________________________________ | 7 |
| | | |
| П1_2_99 | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 99 |

Q15 До кој степен се согласувате или не се согласувате со секоја од следните изјави? Училишните часови и материјалот треба да вклучуваат информации за различностите во однос на ...

| **ПРОЧИТАЈТЕ**<br>**ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД** | | Потполно се согласувам | Донекаде се согласувам | Донекаде не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Q15_1 | Религија или уверување | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| Q15_2 | Етничко потекло или боја на кожа | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| Q15_3 | Сексуална ориентација (да се биде геј, лезбијка или бисексуалец) | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| Q15_4 | Да се биде трансродово лице | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| Q15_5 | Попреченост | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| Q15_6 | Ромска култура и историја | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |

Q16 Дали мислите дека официјалните документи, како пасошите, личните карти и изводите од матичната книга на родените треба да имаат трета опција, како што се X или O (друго) покрај машко (М) и женско (Ж/ F) за оние лица кои не се идентификуваат како жена и маж?

| **ПРОЧИТАЈТЕ** | |
|---|---|
| Да | 1 |
| Не | 2 |
| Не знам (НЕ СЕ ЧИТА) | 99 |

## **Прилог 3.** Дистрибуција на релевантните социодемографски карактеристики на испитаниците

| | 2009 % | 2013 % | 2018 % | 2023 % |
|---|---|---|---|---|
| **Пол** | | | | |
| Маж | 50.3 | 50.0 | 49.8 | 49.2 |
| Жена | 49.7 | 50.0 | 50.2 | 50.8 |
| **Возрасни групи** | | | | |
| 15-24 | 20.5 | | 15.7 | 13.8 |
| 25-34 | 18.9 | | 18.8 | 15.7 |
| 35-44 | 18.9 | | 17.8 | 16.7 |
| 45-54 | 16.6 | | 16.6 | 16.5 |
| 55-64 | 11.7 | 14.8 | 15.2 | 16.6 |
| 65+ | 13.4 | 12.3 | 15.9 | 20.7 |
| **Образование** | | | | |
| Основно | 35.8 | 17.7 | 24.2 | 36.3 |
| Средно | 49.7 | 53.3 | 49.9 | 44.1 |
| Повисоко | 14.5 | 29.0 | 26.0 | 19.6 |
| **Етничка припадност** | | | | |
| Македонец/ка | 67.0 | 69.1 | 63.4 | 65.5 |
| Албанец/ка | 22.9 | 24.8 | 25.9 | 24.3 |
| Турчин/ка | 2.8 | 1.4 | 3.6 | 1.9 |
| Влав/инка | 0.9 | 0.6 | 0.1 | 0.7 |
| Ром/ка | 3.1 | 1.1 | 3.2 | 4.1 |
| Србин/ка | 1.8 | 1.5 | 1.7 | 1.1 |
| Друго | 1.6 | 1.5 | 2.1 | 2.5 |
| **Религија** | | | | |
| Христијанин/ка | 69.1 | | 65.0 | 67.4 |
| Муслиман/ка | 29.5 | | 34.2 | 31.9 |
| Атеист | 0.9 | | 0.5 | 0.7 |
| Друго | 0.5 | | 0.2 | |
| **Работен статус** | | | | |
| Вработен/а со полно работно време | 28.7 | | 40.3 | 43.6 |
| Вработен/а со скратено работно време | 1.7 | | 2.2 | 4.1 |
| Невработен/а | 28.2 | | 17.9 | 9.7 |
| Домаќин/ка | 12.3 | | 11.3 | 10.5 |
| Студент/ка, ученик/чка | 11.5 | | 8.4 | 7.8 |
| Пензионер/ка | 16.9 | | 18.6 | 24.4 |
| **Занимање** | | | | |
| Самовработен/а, занаетчија/ка | 12.6 | | 19.6 | 14.3 |
| Раководител/ка, директор/ка | 8.1 | | 4.3 | 6.4 |
| Службеник/чка со повисоко образование | 19.9 | | 19.4 | 16.0 |
| Службеник/чка со средно образование | 12.0 | | 9.4 | 13.9 |
| Квалификуван/а работник/чка со средно образование | 29.7 | | 26.8 | 22.8 |
| Работник/чка | 14.9 | | 15.1 | 19.8 |
| Полиција, армија | 1.8 | | 1.7 | 1.7 |
| Земјоделец, фармер (маж и жена) | 0.3 | | 3.1 | 5.1 |
| Друго | 0.8 | | 0.5 | |
| **Место на живеење** | | | | |
| Рурално | 42.4 | 37.9 | 43.2 | 37.8 |
| Урбано | 57.6 | 62.1 | 56.8 | 62.2 |
| **Регион** | | | | |
| Вардарски | 7.9 | 7.1 | 7.4 | 7.7 |
| Источен | 9.2 | 9.0 | 8.7 | 8.5 |
| Југозападен | 10.9 | 10.0 | 10.8 | 9.8 |
| Југоисточен | 8.3 | 8.9 | 8.4 | 8.2 |
| Пелагониски | 11.6 | 10.9 | 11.3 | 11.7 |
| Полошки | 14.2 | 16.0 | 15.5 | 13.4 |
| Североисточен | 8.4 | 8.9 | 8.4 | 8.3 |
| Скопски | 29.4 | 29.1 | 29.5 | 32.4 |